## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Второто продолжение на Третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 јули 2008 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Славица Грковска Лошкова, Владо Бучковски, Тито Петковски Али Ахмети, Елмира Мехмети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува. **Минуваме на точката 13. - Предлог на закон за изменувае и дополнување на Законот за спорт.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Ниокој)

Бидејќи нема пријавени за збор, меѓу време се пријави за збор господин Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам претседателе,

Почитувани претставници на Влада, почитувани колешки и колеги пратеници,

Тргнувбајќи од претпоставката дека основната интенција и на изготвувачот и на предлагачот на овој Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за спорт е да се направи уште помодерен европски закон за регулирање на оваа материја од постоечкиот, со мојата дискусија ќе се обидам да придонесам во обидот да се подобри состојбата во спортот во Република Македонија. Искрено се надевам дека изготвувачот на овој Предлог закон пред дас се реши на вакви измени и дополнувања по итна постапка на постоечкиот закон за спорт кој патем е донесен во 2004 година, направи комплетна анализа на неговото досегашно спроведување во пракса. Впрочем, колку еден закон е добар се цени по тоа колку истиот сеспроведува во пракса или колку е спроведлив во пракса. Колку постоечкиот закон за спорт го спроведуваат надлежниот државен орган во случајов Агенцијата за млади и спорт, националните спортски федерации, спортските клубови и единиците за локална самоуправа. Земајќи предвид дека овој закон е донесен во 2004 година, сеуште не се донесени подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон, не е конституиран Советот за спорт, нема национална програма, стратегија за развој на спортот, повеќе спортски клубови сеуште немаат решение за вршење дејност спорт, спортските клубови или немаат стручни лица или стручната работа во клубовите ја вршат лица без соодветно образование. Одреден број на федерации се јавуваат како паралелни федерации и органи, поголем дел од единиците на локалната самоуправа немаат програми за спорт, објектите за спорт, не им се пренесени на единиците на локална самоуправа, иако за тоа има и основ и потреба. Нема единствен училишен систем на организација на натпревари по општините или регионите или пак на цела држава, не се реализира во целост инспекцискиот надзор.

Дополнително особено внимание предизвикува и состојбата, советите за спорт и оправданоста на функцијата на јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти во сопственост на Република Македонија, ко ј е во континуитет продуцира загуби, што во голема мера ја отежнуваат реализацијата на програмите за спорт на националните спортски федерации и остварувањето на јавниот интерес на централната и на локалната власт. Значи, ова во куси црти е актуелната состојба во која се наоѓа спортот во Република Македонија. Се разбира, ова апсолутно не значи дека овој Предлог закон за измени и дополнувања на постоечкиот закон за спорт не содржи добри законски одредби и решенија за пооделни прашања во областа на спортот.

Ќе се обидам да искоментирам неколку од нив. Со членот 2 на овој Предлог закон по членот 9 се додаваат три нови члена, 9-а, 9-в, и 9-в. со членот 9-а, се дефинира професионалниот статус на спортски клуб односно по однапред утврдени критериуми се утврдува кои спортски клубови по изгласувањето на овој закон и неговото стапување во сила ќе добијат статус на професионален спортски клуб. Согласно со овој член 9-а, професионален спортски клуб, ќе биде клуб кој учествува во највисок степен на натпревари во соодветната национална спортска федерација и кој има склучено договори за професионален настап со најмалку 50% од вкупниот број на натпреварувачи кои настапуваат во највисокиот систем на натпревари во сениорска конкуренција во однос на бројот на пријавените за натпреварувачката година во листата која ја води соодветната спортска федерација. Дополнително овој член 9-а, се надоврзува на член 9 од постоечкиот закон за спорт, кој уште од 2004 година ја предвидува можноста на спортските клубови кои во Република Македонија сеуште 99% се здруженија на граѓани односно непрофитабилни организации да се пререгистрираат во трговски друштва односно во друштва со ограничена одговорност на едно лице или трговец поединец. За жал, од 2004 година до денес кога на дневен ред се овие измени и дополнувања на законот за спорт само 12 спортски клубови ја искористиле оваа можност и

се перерегистрирале во трговски друштва и добиле решение за вршење дејност спорт од Агенцијата за млади и спорт.

Што значи новиот член 2. Веднаш по стапувањето на овие законскиј измени на сила, согласно овие критериуми, на пример, сите спортски клубови во првата кошаркарска лига од здруженија на граѓани, ќе мора да се преререгистрираат во трговски друштва. Се разбира, ова не е лошо и можеби ова нема да биде проблем за дел од спортските клубови во првата кошаркарска фудбалска или ракоментна лига кои имаат силни спонзори, но искрено се надевам дека и изготвувачот и предлагачот го земал предвид фактот дека 95% од спортските клубови во Република Македонија се на работ на својата егистенција. Ставот 5 од членот 9-а предвидува дека кога спортските клубови ќе престанат да ги исполнуваат овие критериуми, директорот на Агенцијата за млади и спорт ќе ги избрише од регистерот на клубови кои ги предвидел во претходните два става од истиот член. Тука се отвора дилемата зошто изготвувачот и предлагачот на овој закон не предвидел како спортскиот клуб, еве на пример повторно да земам некој спортски клуб од првата кошаркарска лига Фени индустри кој испадна од првата лига и се префрли во втора и со тоа престана да ги исполнува критериумите за професионален спортски клуб, како ќе се врати во претходната статусна состојба односно како од трговско друштво односно професионаленн спортски клуб, повторно ќе стане здружение на граѓани. Затоа, се поставува прашањето колку оваа законска одредба ќе се имплементира во пракса односно колку спортските клубови ќе почнат да избегнуваат оваа законска одредба, со тоа што нема да се преререгистрираат во професионални клубови, така што повеќето од своите спортисти ќе ги плаќаат на поинаков начин, на пример преку стипендии, само за да не се преререгистрираат во трговски друштва.

Што се однесува до последниот став од овој член, каде вели дека функционерот кој раководи со органот на државната управа во случајот Агенцијата за млади и спорт донесува правилник за формата и содржината на образецот за запишување и бришење во регистерот, сметам дека е уште едно зголемено дискреционо право на директорот на Агенцијата за млади и спорт. Мислам дека ваквиот правилник мора и треба да го носи исклучиво Владата на Република Македонија. Членот 3, од овој предлог закон таксативно ги набројува условите кои треба да ги исполнува професионалниот спортски клуб за да може да врши дејност спорт. Меѓу нив е и обнврската која што во членот 3, став 1 алинеја 3 вели дека професионалниот спортски клуб ќе добие решение за вршење дејност спорт ако обезбеди соодветни објекти. Со оглед на фактот дека на пример за сите фудбалски клубови во Македонија кои играат во прва лига немаат стадиони, али ова значи дека професионалните спортски клубови ќе можат оваа законска одредба да ја исполнат, како на пример да обезбедат само соблекувални и со договор за закуп да обезбедат стадион. Значи, ова не е додефинирано.

Членот 31-а, кој сег го дефинира статусот на професионален спортсист е во колизија со членот 9-а. Согласно овој член се дава можност со статус на професионален спортист да се стекнат спортисти на спортски клубови кои не се професионални односно кои не ги исполнуваат критериумите утврдени во членот 9-а и не можат да станат професионални спортски клубови. Имено, изготвувачот ја превидел можноста одредени спортски клубови да добијат статус на професионални, а кои се занимаваат со индивидуални спортови, на пример кик-бокс. Што се однесува до членот 37-а, даваме целосно поддршка 37-а кој дефинира нова категорија на спортисти до 20 години тн., спортска надеж, ова е одлична можност за развој на спортот и тука треба државата да инвестира, бидејќи секогаш спортот во сите модерни европски држави почнува од најмладите. Сепак, сметам дека членот 37-б, кој вели дека Владата на Република Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот со акт поблиску ги пропишува условите од членот 37-а на овој закон, како и критериумите и начинот на доделување на категоријата спортист - спортска надеж, не треба да го прави ова Владата. Мислам дека тука ваквите критериуми треба да ги утврдува Советот за спорт, кој за жал се уште не е формиран, и таквите критериуми треба да бидат јавни и достапни за професионалните спортски федерации кои треба да ги предлагаат спортистите кои ќе конкурираат за категоријата спортска надеж. Со тоа ќе се избегне можноста за било каква дополнителна партизација во спортот, посебно на овие млади категории на спортисти. Исто така, го поддржуваме членот 50-а, кој може да се стекне со национално спортско признание, а со тоа и со месечен паричен надоместок. Истовремено сметам дека ќе беше подобро изготвувачот и предлагачот да ги додефинираат критериумите како оние спортисти кои што учествуваат на врвни спортски манифестации а не на олимписки спортови како што е кик-бокс и куглање, а кои што можеби и немаат толкава традиција во Република Македонија, како ќе може да се стекнат со ова звање национално спортско признание, а со тоа и со месечен паричен надоместок.

членот 15 од овој Предлог закон го третира инспекцискиот надзор кој треба да го врши Агенцијата за млади и спорт. Со оглед на фактот дека досега инспекцискиот фактор не ги даде очекуваните резултати, а земајќиј предвид дека според нашите сознанија во Агенцијата за млади и спорт се изготвува или веќе е изготвена нов правилник за систематизација на работните места што сега ќе брои 70 вработени, сметам дека изготвувачот овој Предлог закон мора дополнително да го зајакне инспекцискиот надзор

преку точно утврдени критеируми, кој можед да биде инспектор за спорт вработен во Агенцијата за млади и спорт. Надвор од проблематиката на професионалниот спорт, спортисти и други професионални лица кои ги утврдува Законот за спорт, треба да се направат и измени и дополнувања кои треба да уредат бројни прашања во спортот , особено националната програма или националната стратегија за спорт да ја донесува Собрнието на Република Македонија како гаранција за поддршка и остварување на еден приоритетен интерес на државата. Формирањето на националниот совет за спорт да биде исклучиво во надлежност на Собранието на Република Македонија по однапред утврдени права и надлежности

Истовремено многу важно прашање кои што би требало изготвувачот и предлагачот да го решат е статусот на вработените во дејноста на спортот и тоа во националните спортски ведерации, во спортските клубови и општинскиот спорт со оглед на фактот дека во повеќето случаи се работи за поранешни селектори на национални спортски федерации, кои за жал сега примаат минимална плата до 6 илјади денари, а се вработени како стручни лица во овие национални спортски федерации.

На крајот, сметам дека е дојдено крајно време спортските објекти во државна сопственост да не се третираат само со неколку члена во Законот за спорт, туку напротив сметаме дека се созреани условите и околностите конечно да се изготви и усвои посебен закон за спортски објекти во Република Македонија. Во секој случај пратеничката група н а СДСМ ќе го поддржи донесувањето на овој Предлог закон за измени и дополнување на постоечкиот закон за спорт. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас би сакал да у кажам, на некоклу невистини кои што беа изнесени тука од претходниот дискутант и ќе кажам дека училиштата се здружени преку Сојузот на училишен спорт чиј претседател е професорот Александар Потечиески, има општински натпревари, има регионални натпревари, има натпревари на ниво н а држава.Тука да ја расчистиме дилемата дека училиштата имаат начин на натпревари и учествуваат на тие натпревари се до ниво на државно првенство. Она друго што сакам да го спомнам е, точно е дека многу клубови се наоѓаат на работ на својата егзистенција, но контрадикторно е од самиот дискутант кој што напомна дека е 50 со 50 статусот на професионалниот спортки клуб, не дава можност, значи за она што е целосно професионализирање. Ќе напомнам дека со овој начин ќе се мотивираат сите оние кои што се заинтересирани да бидат газди или сопственици на одредени клубови да ги преземат клубовите и финансиски и материјално и она што е моралното да го исполнуваат спрема обврските према самиот клуб. Ќе напомнам само дека со ова се регулира статусот и на професионален спортист, со што се избегнува можноста за манипулација да не бидаст спортистите осигурани, да не бидат пензиско и здравствено осигурани и да немаат егзистеницја или да ја немаат онаа плата преку платниот промет.

Она што треба да се поддржи исто така во овој закон е што треба да се заблагодариме на Агенцијата за млади и спорт и на Владата е тоа што сепак изнајде начин на оние кои се најголемите амбасадори за презентација или преставување на Република Македонија на спортски план, се точно овие спортисти кои што Република Македонија ја преставуваат на меѓународен план и тоа на еворпски и светски првенства и кои што обезбедуваат одредени пласмани. Така, само оваа Влада имаше сенс да даде одреден паричен износ, надоместок за сите овие врвни спортисти кои освоиле високи спортски резултати и ја афирмирале Република Македонија надвор. Затоа, би рекол дека овој предлог на закон или дополнувањето за измени и дополнувања на Законот за спорт треба да биде поддржан од сите политички партии, затоа што сметам дека е добар, издржан и дека нема мполитизација во самиот предлог на законот за измени и дополнувања но едноставно ги форсира спортските работници, ги форсира спортистите или ги мотивира за да можат и понатаму да се бават со оваа дејност - спорт. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Георгиевски Ивица, повелете.

**Ивица Георгиевски:** Благодарам претседателе.

Прво, би сакал да ги поздравам сите пратеници и од новиот состав и од стариот, а особено новите пратеници како Емилијан Станковиќ кој се надевам дека со вакви издржани дискусии постојано ќе дискутираме ние како млади пратеници и ќе придонесеме за работата на овој законодавен дом.

Во поглед на измените на Законот за спорт што сакаме да ги донесеме, би сакал да напоменам неколку работи. Изминатите два години државата т.е. Владата на Република Македонија заедно со Агенцијата за млади и спорт се обиде во целост да го смени односот на институциите спрема спортистите и спортот воопшто и тоа го правеше во сите сегменти на спортот. Од градење на спортски објекти, па до односот, до спортистите, до спортските клубови. Во рамките на тој однос беше неизбежно да се донесат овие исмени на Законот за спорт, во кој првенствено се поставетува внимание на регулирањето на профсионалните клубови, како и на односот спрема заслужните спортисти, а најмногу што е моја лична желба, односот на државата спрема младите категории. Тоа се трите главни измени. Јас би сакал подетално да зборувам за секоја од нив.

Прво, се работи за јасна диференцијација помеѓу аматери и професионалци т.е. помеѓу аматерски клубови и професионални клубови, каде што сите клубови кои после донесувањето на овој закон ќе се регистрираат како професионални клубови во целост ќе мора да видат грижа за спортистите со целиот однос како вработени со здравствено осигурување, со пензиско осигурување итн. На тој начин државата конечно направи потег со што спортистите ќе бидат во целост згрижени, особено оние врвните спортисти кои влегуваат како проифесионални спортисти.

Втората измена што ја направивме е измената во делот за донесување на т.н. категорија спортска надеж. Всушност се работи за млади категории до 20 години млади спортисти кои допрва тренираат и допрва навлегуваат во спортот. Со оваа поддршка на најмалку 500-тини млади деца само се покажува односот и желбата на оваа држава, на оваа Влада во целост да ги поддржи младите категории за да имаме што е можно поголем број на спортисти, а особено што е можно поголем број на врвни спортисти.

Исто така, третата измена и една од главните измени е поддршката на заслужните спортисти. Во Македонија имаме околу 40 до 50 спортисти кои на големо ја имаат задолжено Република Македонија и во рамките на поранешната држава, но и во рамките на оваа Македонија со нивните учества на олимписки игри, на Европски првенства на светски првенства, каде што гордо ги бранеле боите на Република Македонија и на овој начин државата, Владата покажува само мала благодарност за се она што го правеле.

На крај само би заблагодарил на сите пратеници кои ќе го гласаат овој закон, а особено на опозицијата што го разбра значењето на овој закон и поддршката за спортистите како суштински елемент, како суштински дел од нашето општество. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се изјаснат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Дали некој има против? (Нема).

По Предлогот на законот вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт.

**Минуваме на точка 14 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи.**

Предлогот на законот ви е доставен,

Отворам пререс по текстот на Предлогот на законот.

Овластен претставник на вице премиерот Живко Јанкуловски.

Има збор господин Оливер Дерковски, повелете.

**Оливер Дерковски:** Благодарам претседателе,

Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

Пред нас е Предлогот на закон за измените на Законот за Управата за јавни приходи, Закон кој ќе овозможи односно измени кои ќе овозможат реформирање на даночниот орган во нашата држава во смисла на подобрување на флексибилноста на движење на органот на даночната управа во нашата држава.

Веќе подолго време се наметнува потреба од преземање на некои реформски мерки во самата систематизација на работа на органот на државната управа, на Управата за јавни приходи на Република Македонија, бидејки со преземените мерки од страна на Владата на Република Македонија во повеќе области на реформирање на климата за подобрување на бизнисот и другите мерки кои се преземаат во областа на подобрување на стопанството и движењето на стопанството, се наметна потреба од реформирање на органот на државната управа кој е задолжен за прибирање на даноците во нашата држава.

Досегашното функционирање на службениците во рамките на органот на државната управа кој функционира согласно Законот за државни службеници, на некој начин беа ограничувачки затоа што Законот за државни службеници, би рекол, се однесува на државните службеници во рамките на органите на управата во самата државна администрација. Меѓутоа, спецификите кои ги има органот на државната управа, УЈП како даночен орган, не можат да бидат соодветни на одредбите од тој Закон. Затоа се наметнува потреба од реформирање во оваа област и од тие причини јас го поздравувам донесувањето на овој закон затоа што крајно време беше, оние луѓе кои се задолжени за прибирање на даноците во нашата држава, да си добијат соодветно место во рамките на нашата држава и да бидат соодветно наградени, меѓутоа ако е потребно и соодветно казнети, кое нешто ќе го овозможи оваа законска измена на Законот за УЈП.

Исто така со овој предлог се овозможуваат и неколку мерки кои ќе и овозможат на УЈП како даночен орган, да може да склучува договори со други лица и за одреден надоместок да врши наплата на јавни давачки за одредени институции и правни лица кои се соочуваат со проблем на наплата на своите двачки. Се на се би рекол дека тоа е еден чекор кој ќе овозможи реформирање на УЈП во позитивна насока, се со

цел за подобрување на наплата на даноците која што, иако во последно време очигледно е зголемена во добар процент, сеуште има простор во нашата држава за подобра наплата на даноците и подобро собирање на јавните давачки.

Го поздравувам овој предлог ис е надевам дека предлагачот и понатаму ќе продолжи со реформите во овој даночен орган.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата, ве поздравувам сите.

Понудениот предлог за измени и дополнувања на Законот за Управата на јавни приходи, во голем дел прецизира некои од одредбите на Законот за Управата на јавни приходи и во оваа насока ценам дека треба да се подржи овој Закон, бидејки е вистина дека при практичното спроведување од 2005 година кога е донесен овој Закон со кој е уредено прашањето на организирање и функционирање на оваа Управа како даночен орган, нормално имаше одредени недостатоци, одредени пречки, недоречености и добро е што предлагачот нуди неколку измени преку кои се настојува во одредена мерка да се елиминираат сите овие недостатоци. Вистина е тоа дека Законот на Управата за јавни приходи, каде работев долго време заедно со претходниот говорник, од 2001 година, во тоа време кога се донесе Законот и споредено со Законот за Управата на јавни приходи од 2005 година, има разлики од аспект на статусот на УЈП.

Се сеќавам во 2001 година кога се донесе Законот за УЈП, се предвидуваше истата организација која подоцна се вгради во Законот за Управата на јавни приходи од 2005 година, преку кои измени УЈП беше организирана како генерална дирекција, имавме регионални дирекции за јавни приходи и таканаречени даночни одделенија кои речиси без исклучок се сместени во сите урбани општини. Но и покрај тоа регионалните дирекции во Република Македонија , или функционирањето на овие дирекции е уредено со подзаконски акт и територијата на Република Македонија е поделена на 6 регионални единици.

Во оваа насока сакам да нагласам дека оваа организација беше предвидена во времето кога се донесе Законот за Управата на јавни приходи во 2001 година, во време кога овој орган по својот статус беше на едно пониско ниво од тој кој беше донесен или статусот на Управата кој беше утврден со Законот за Управата на јавни приходи од 2005 година. Зборот ми е, мислам и сум го рекол тоа, кога се донесе Законот за Управата на јавни приходи од 2005 година, прашањето на организација на оваа Управа и утврдувањето на бројот на регионалните единици, одделенија, добро е да биде субјект на законско уредување а не на подзаконски акти. Истата забелешка ќе ја кажам и сега. Можеби воиднина предлагачот кога ќе предложи нови измени, ќе го уреди ова прашање со закон, а не со подзаконски акт.

Јас мислам дека овој предлог преку кој се предвидува формирање на дирекција за големи обврзници е добра работа и на крајот добро е да се класифицираат даночните обврзници, мали или големи, како што тоа се прави со други закони, како што е Законот за трговски друштва, Законот за сметководство и т.н. Во тој правец јас го поздравувам предлагачот и уште еднаш ќе кажам дека класификацијата или внатрешната организација треба да биде објект на законско а не подзаконско уредување.

Како друга новина од понудениот предлог е и класификацијата на таканаречените даночни надгледувачи, нешто што до сега недостасуваше. Нормално дека до сега постоеа само инспектори кои, нормално, беа класифицирани или рангирани, но не постоеја таканаречени даночни контролори. Уште еднаш ќе нагласам, добро е што се прави една ваква класификација од причина што внатре во УЈП има кадар кој не ги исполнува условите за да има звање инспектор, но и покрај тоа се способни кадри и мислам дека ќе ги исполнат условите за да го добијат статусот на даночен контролор во контекст да се влијае на стручен начин, во насока на утврдувањето на даночните обврзници. Значи ценам дека оваа калсификација добро е што се прави затоа што до сега тоа не достасуваше во УЈП. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, се јавив за дискусија по однос на овој закон затоа што сакам да укажам на некои работи.

Претходните двајца дискутанти зборуваа од аспект на лица кои се вработени или претходно биле вработени во УЈП, пред да станат пратеници и го поздравија донесувањето на овој закон, бидејќи ќе овозможи поефикасно функционирање на УЈП, а соодветно на тоа и поголем прилив на парични средства во Буџетот на Република Македонија.

Јас би сакал да зборувам од еден друг аспект, од аспект на граѓните или оние кои имаат регистрирани трговски друштва и се занимаваат со трговска дејност, како тие гледаат на работењето на УЈП, како ова ќе се одрази, со давањето на поголеми овластувања на даночните инспектори и контролори при вршењето на нивната контрола.

Во претходниот период во градот од кој доаѓам, градот Велес, на два пати имаше спроведена масовна контрола од страна на УЈП, на трговските дуќани од аспект на регистрација на готовинските плаќања и притоа во еден ден беа затворени 42 трговски објекти. Од реакциите на вработените и на дел од газдите на овие трговски дуќани беше кажано дека даночните инспектори

во определени ситуации и не постапиле најкултурно, меѓутоа тие тврдат дека не постапиле и согласно прописите кои важат, па имало случаеви вработениот да биде отстранет од дуќанот, да му се проверуваат џебовите, колку пари има, или ако биле најдени одредени средства настрана од касата, тие да ги евидентираат дека се непријавени или не се регистрирани при готовинското плаќање.

Сега со измените и дополнувањата на овој Закон, даночните контролори ќе имаат уШте погоелми овластувања или УЈП ќе ги мотивира, така што ќе ги наградува согласно извршената работа, односно колку повеЌе пари собрале од даночните обврзници, толку може да се надеваат за поголема награда, што значи дека оние кои се занимаваат со трговска дејност може да очекуваат многу повеќе контроли, контролите да бидат ушт по ригорозни.

Јас сега не сакам да навлегувам подлабоко, дали можеби има и политичка димензија при вршењето на контролите од страна на инспекторите на УЈП, бидејки имавме и такви поплаки од одредени стопанственици. Значи иако намерата е да им се дадат поголеми права на инспекторите, сепак мора да постојат одредени правила или кодекс на однесување и стрикно почитување на Законот.

Ние во претходниот состав мислам дека го изменивме Законот давајки можност УЈП да формира и тело внатре во УЈП, кое ќе изрекува прекршочни казни и ќе наплаќа одредени казни по тој основ, од оние кај кои биле утврдени неправилности при контролата. Значи се зголемува надлежноста на УЈП. Соодветно на тоа мислам дека Владата и Собранието треба да размислуваат да се зголеми контролата над УЈП, бидејки очигледно е дека во изминатиот период имаме доста поплаки од аспект на начинот на кој се врши контролата. Јас не велам дека не треба да се врши контрола при регистрирањето на готовинските плаќања, меѓутоа начинот на кој тоа се прави, мислам дека поголемо внимание треба да има директорот на УЈП, како неговите даночни инспектори постапуваат при вршењето на одредени контроли.

Се надевам дека даночните контролори, првата контрола околу регистрирањето на готовинските плаќања ќе ја извршат вослужбите на Валдата, бидјеки, ако граѓаните се печат сега на 40 степени чекајки ред пред овластените сервисери на фискалните каси да го воведат софтверот за патриотскиот дел од фискалните сметки каде треба да се регистрираат македонските производи. Вчера бевме сведоци, овде во Собранието ни беа дадени фискални сметки на кои немаше таков дел односно не беше вграден софтверот на фискалните апарати во Собранието, кој ќе ги покажува производите кои се од макеоднско потекло. Се надевам дека даночните контролори првата контрола ќе ја направат во СОЗР и овластеното лице кое работи таму ќе го казнат со 5 илјади евра за да може Владата, ако веќе бара граѓаните да ги почитуваат законите, таа да биде прва која со својот пример ќе покаже дека ги почитува законите и она што го бара од граѓаните прва треба и да го спроведе во пракса.

Значи, иако е добра намерата околу зголемувањето на овластувањата на даночните инспектори, сепак мислам дека треба многу поголемо внимание да се орне на нивната контрола и начинот на кој постапуваат при вршењето на инспекции во трговските објекти. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Оливер Дерковски, повелете.

**Оливер Деркоски:** Благодарам претседателе.

Јас сакам само една мала исправка на дискусијата на колегата. Значи овластувањата на даночните инспектори не се согласно Законот на УЈП. Тие се определуваат и постапката за постапување на даночните инспектори и даночните контролори, да речеме од денеска натаму се уредуваат согласно Законот за даночна постапка.

Го молам колегата да не врши манипулација во однос на работата на даночните службеници затоа што секој оној кој работи во одредено трговско друштво, трговец поединец или кој врши готовински промет согласно Законот за готовински плаќања од 2001 година, должен е да има фискален апарат.

Исто така од април оваа година требаше да почнат да си ги инсталираат таканаречените патриотски каси, да издаваат патриотски сметки. Значи не е време и место да се манипулира со јавноста затоа што сите тие што овие два три дена чекаат пет до дванаесет да ја променат фискалната меморија, имаа доволно време да го сторат тоа.

Што се однесува до службата тука, во 2006 година кога дојде овој парламентарен состав, прв се погрижи службите тука да имаат фискална каса. До тогашнемаше каса.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Даночната постапка ја спроведуваат даночните иснпектори. Тие се тие кои го спроведуваат Законот, а даночните инспектори работат во УЈП. Тука нема дилеми дека тие како луѓе на кои Законот им дал право да ја вршат контролата, треба да бидат многу внимателни при контролата, да не настапуваат од аспект на власт, туку да настапуваат односно да ги спроведуваат стрикно одредбите од Законот.

Второ, она што вели господинот Деркоски да не се прави манипулација, да кажам дека ние не правименикаква манипулација. Граѓаните реагираат, оние кои имаат трговски друштва, дека се претерува во одредени случаи со овие

контроли и неправилно се затвораат дел од дуќаните. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, од нив за гласаа 59 пратеници, воздржано 11, против нема никој.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

По предлогот на законот вкупно гласаа 70 пратеници, од нив 59 гласаа за, воздржани 11, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи.

**Минуваме на точка 15 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозит**

Предлогот на закон ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

По предлогот на законот вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозит.

**Минуваме на точка 16 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење**

Предлогот на закон ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеници, сите 71 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

По предлогот на законот вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за девизно работење.

**Минуваме на точка 17 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот**

Предлогот на закон ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

По Предлогот на законот вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

**Минуваме на точка 18 - Предлог на закон за Кредитно биро**

Предлогот на закон ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

По Предлогот на законот вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Кредитно биро.

**Минуваме на точка 19 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување**

Предлогот на закон ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Соња Мираковска поднесе амандмани на член 2 став 1 и на член 3 став 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Лазаревик Владимир, заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од нив за амандманот гласаа 13, воздржани нема, против 51.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

По амандманот вкупно гласаа 64 пратеници, од нив за гласаа 13, воздржани нема, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Лазаревик Владимир, заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, од нив за амандманот гласаа 8, воздржани нема, против 49.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

По амандманот вкупно гласаа 57 пратеници, од нив за гласаа 8, воздржани нема, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Пред да продолжиме понатаму, од службите не известија дека во меѓувреме има амандман по овој закон.

Истовремено, ја прекинувам седницата, давам пауза од половина час и таа пауза би сакал да ја искористам за следново:

Колеги пратеници, следниот закон е Закон за заштита на пациенти, на кој има голем број амандмани. Затоа ги повикувам координаторите на пратеничките групи, претставникот на Владата во Охридска сала за да направиме координација во однос на тој закон и во однос на амандманите за кои можеме да постигнеме согласност.

Со оглед на тоа продолжуваме со работа во 12,45 часот и ги повикувам координаторите на пратничките групи.

(Паузата започна во 12,10 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,10 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандамни на член 18 и за менување на член 19 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Во меѓувреме пратеникот Марија Андоновска поднесе амандман на член 18 за менување на член 19 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 18, поднесен од пратеникот Марија Андоновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Владимир Лазаревик, заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓица Марија Андоновска, повелете.

**Марија Андоновска:** Благодарам претседателе, го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Овој амандман е повлечен.

Отварам претрес по амандманот за менување на членот 19 поднесен од пратеникот поднесен од пратеникот Марија Андоновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам.

Значи овој амандман би го прифатиле со мала измена ако се согласи предлагачот, поточно одребите од членот 12 на овој закон да се применуваат од 1.09.2008 година.

**Трајко Вељаноски:** Не се слушна добро,се извинувам ако сакате да го повторите.

**Владимир Лазаревиќ:**

Значи овој амандман би го прифатиле со мала измена ако се согласи предлагачот, поточно одребите од членот 12 на овој закон да се применуваат од 1 септември 2008 година.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓица Марија Андоновска, која ќе се произнесе дали ги прифаќа измените во однос на овој предлог амандман.

**Марија Андоновска:** Благодарам претседателе.

Се согласувам со измените што ги предлага заменикот министер. Благодарам .

**Трајко Вељаноски:** Добро, тогаш овој амандман станува составен дел на текстот на Предлогот на законот, со видоизменет како што е предложен од заменик министерот за здравство.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Процедурално бара госпоѓа Топузова-Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Се извинувам, амандманите од почитуваната колешка Марија Андоновска ни се поделени. Меѓутоа амандамните од Владата барем јас ги немам пред мене, кои веќе станаа составен дел на Законот.

Дали ќе може да ги видиме да знаеме за што се работи. Тоа е мојата интервенција.

**Трајко Вељаноски:** Добро, еве се извинувам, од службите ми кажаа за две минути ќе бидат поделени амандманите. Благодарам и јас.

Има збор господин Гинев Јован, повелете.

**Јован Гинев:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници.

Измените и дополнувањата на Законот за здравствено осигурување што го предлага Владата по итна постапка на денешната седница..(реакција од страна на пратениците)

**Трајко Вељаноски:** Има претрес по текстот на Предлогот на законот, не е затворен претресот, може секој да се пријави. Господинот Јован Гинев се пријави по самиот текст на законот.

**Јован Гинев:** Точно така и да нема забуна.

Ќе повторам, измените и дополнувањата на Законот за здравствено осигурување што го предлага Владата по итна постапка на денешната седница е заради воспоставување на интеграцијата на наплатата и контролата на социјалните придонеси од една институција како и определување на висината на основицата за пресметување на придонес за здравствено осигурување кое треба да се задржи на 50% како и Законот за здравствено осигурување по час за работа со скратено работно време.

Здравствениот сектор во Република Македонија го сочинуваат и обезбедуваат три типа на институции:

Првата институција е Министерството за здравство на Република Македонија кое води главна улога во креирањето на здравствената политика.

Втората институција е Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија кое е одговорно за спроведување на задолжително здравствено осигурување преку обезбедување на здравствени услуги на осигурани лица на примарна, специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита, формулирање на буџет, буџетско извршување, следење и контрола на трошоците.

И трето престојните установи кои обезбедуваат здравствени услуги во рамките на расположивите ресурси кои би требало врз основа на склучени договори со Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија да го спецификцираат видот и обемот на здравствените услуги што тие ги обезбедуваат и висината на средствата за спроведување на истите.

Според одредбите на Законот фондот обезбедува здравствени услуги во здравствените установи без оглед на сопственоста дали се јавни или приватни, а со член 69 од Законот е предвидено Фондот да склучува договори со здравствените установи со кои се регулираат односите меѓу Фондот и здравствените установи.

Тука е место да напомнам дека има забелешка од приватните лекари од примарното здравство односно од приватните гинеколози кои му забележуваат на Фондот за здравство за лимитирање на пациените при склучување на договори помеѓу Фондот и приватните здравствени установи по гинекологија и

акушерство. Имено, Фондот плаќа 100% капитација од 4,5 денара до 2000 пациенти во специјалистичка ординација. Од 2501 до 3500 плаќа 70%, од 3501 до 4500 45% и од 4501 пациент понатаму 30%. Тоа значи дека колку поголем број на пациенти има една приватна здравствена установа толку помалку пари треба да зема, што е спротивно на пазарната економија.

Од друга страна стимулира неработење во јавниот сектор и плаќа паушално.

Од приватниот сектор барањето е Фондот за здравство да определи најнизок лимит на пациенти во приватните здравствени установи за склучување на договор на секоја приватна здравствена установа која има повеќе пациенти над тој лимит да се плаќа 100%. Со тоа ќе се зголеми конкуренцијата и квалитетот на услугите, а тоа ќе биде во согласност со Законот на пазарната економија.

Во членот **9** од овој текст се наведени задолжителните здравствени услуги кои ги обезбедува Фондот за здравство во примарното, во специјалистичко-консултативната и болничката како и на оние случаи за кои се бара обдукција на умрени на барање на здравствените установи.

Во членот 10 од овој текст се наведуваат сите здравствени услуги кои не припаѓаат кон задолжителното здравствено осигурување.

Со овој закон ќе се намали стапката на придонеси во работните организации со што ќе се стимулира вработувањето како и пријавувањето на нови вработувања од една страна, а од друга страна се очекува поголема наплата на придонесот за здравство.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За процедурално се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Во името на пратеничката група на СДСМ молам да дозволите 15-тина минути пауза, бидејќи сме подготвени да поднесеме уште два амандмани по Предлог законот за измена и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Веќе ги добивме амандманите предложени од Владата, но имаме сосема два концизни предлози. Благодарам .

**Трајко Вељаноски:** Еве давам пауза до 13, 40 часот, мислам дека е доволно. Благодарам.

(паузата е дадена во 13,20 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,37 часот)

**Трајко Вељаноски:** Со оглед дека нема стигнато нови амандмани, молам дали некој бара збор?

Има збор господин Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам почитувани колешки и колеги пратеници,

Пред нас е Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување во кој според мене нема некои поголеми суштински измени освен во членот 6 со кој се менува стапката на основицата од 65% се намалува на 50%. Во принцип тоа е добро, но со оглед на периодот кој го имаме, со оглед на поскапувањата економски и социјални, исто така и на здравствените услуги со ваквиот начин се намалуваат средствата, а притоа не добивме информација, или барем во образложението не добив информација за тоа од каде ќе се надополнат овие средства. Дали ќе се надополнат по основ на прибирање на повеќе средства преку наплатата, или пак ќе се намалат и онака малите здравствени услуги за граѓаните, а со тоа индиректно би се нарушило и неговото функционирање во поглед на купувањето на здравствените услуги за граѓаните.

На ваков начин ако ова се случи македонското здравство и понатаму ќе тоне, и понатаму се повеќе ќе заостануваме со современите текови на медицината, а со тоа граѓаните наместо поевтино и подобро здравство уште повеќе ќе одделуваат средства од својот џеб за купување на медицински материјали и потрошни лекови за здравствените услуги кои според законот треба да им бидат обезбедени односно треба да им бидат платени од Фондот за здравствено осигурување.

За да се избегнат ваквите финансиски непавилности СДСМ се залага за воведување на еден основен пакет на здравстено осигурување кој би бил бесплатен за сите осигуреници, како и за промоција на конкурентни фондови кои би претставувале конкуренција во поглед на купувањето на услуги во име на пациентите.

За жал актуелната власт и понатаму продолжува да донесува избрзани недоизработени законски решенија за здравство, а со тоа и да го продолжува и промовира монополот и неконкурентноста на актуелниот Фонд врз кој има целосна партиска контрола.

Потврда за тоа е измената што се случува односно што се предлага во членот 57 од Законот, која заради одлуката на Уставниот суд се укинува долго најавуваната новост за избор на странец за директор на Фондот за здравствено осигурување. Сигурно сите се сеќавате на безброј реакции и укажувања на експерти дека таквата одлука е неуставна, но во тој период ВМРО-ДПМНЕ упорно ја форсираше, како што упорно ги форсира бројните одлуки кои се укинаа од Уставниот суд, а беа тема на дискусија на Втората седница на Собранието на Република Македонија кога се вршеа измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита.

За таа цел во минатиот состав на Владата на Груевски за меѓународни и јавни огласи се потрошени дури 11.500 фунти за што до ден денес нема или никој не понесол никаква одговорност. Како аргумент повеќе во поглед на

партиската улога што ја врши Фондот е и непропорционалното исплаќање на услугите кон здравствените установи.

Имено исплаќањето на средствата кои се вршат кон некои приватни институции, здравствени установи и спрема некои државни здравствени установи разликата помеѓу основот на плаќање на услуга по однос на една операција која во минатиот период и те како беше актуелна во јавност. Тука ќе го споменам Филип Втори и други.

Фактот дека ваквите законски решенија се предлагаат набрзина беше и амандманот кој пред малку беше поднесен од саматаа Владата, а тоа е измената на членот 19 со кој дури и текстот на законот кој ни беше поделен укажуваше дека некои одредби или одредбата за намалување од 65% на 50% се предлагаше да биде од 01.04.2008 година. Со ваквата нерамномерна политика со упорното игнорирање на отворањето на Државната кардиохирургија со промовирањето на здравствени установи блиски до актуелната власт наводната грижа за пациентите и останатите јавни здравствени установи на државата не може да стане збор за европско здравство, за социјален пакет за кој сите се залагаме на услуги и за солидарност кој на крајот на краиштата и македонскиот закон го заслужува. Тоа е се. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Ви благодарам и јас.

Има збор господин Пачемски Миле, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван заменик министер,

Значи во Собранието носиме закони меѓутоа овој закон за здравствено осигурување е закон кој што нуди навистина добри промени, нуди добри законски решенија кои ќе се во интерес на многу сегменти од општественото живеење. Каде се овие бенефити? Каде ги гледам?

Овие промени ги поделив во три дела. Со овие промени во законот ќе имаме бенефит за самите граѓани здравствени осигуреници и фирмите каде што работат тие. На второ место бенефит ќе имаат здравствените установи и здравствените работници и на трето место бенефит ќе има самиот Фонд за здравствено осигурување.

Кој е бенефитот на граѓаните здравствените осигуреници и на фирмите.

Прво, со овој закон се нуди да плаќањето за придонес за здравство се плаќа наместо на 65% од основата на 50% од основата од просечната нето плата во Република Македонија. Значи, намалување на фирмите да плаќаат придонес за здравство, останатите пари од 15% тие би ги задржале во самите фирми и тоа ќе се користи во нивниот развој.

Втор момент, вработените во тие фирми на кои што им се плаќа здравствен придонес ќе имаат сини картони. Ние знаеме дека постои еден голем број на фирми во кои што има вработени, меѓутоа бидејќи не се плаќа придонесот за здравство во тие фирми тие осигуреници не користат здравствена заштита иако земаат плата. Сега на овој начин со тоа што ќе се овозможи на фирмите, на работодавачите ќе се овозможи тие пациенти тие осигуреници да користат здравствени услуги.

Понатаму, оние граѓани кои што за нивната работа во странство досега имаше доста проблеми во поглед на нивното здравствено осигурување, сега со овие измени во законот се нуди оваа регулатива се подобри така да со оние држави со кои што ние нимаме социјална соработка, тие работници во странство ќе имаат право на користење здравствена заштита.

Она што исто така е битно, и е во корист на граѓаните е воведувањето на референтни цени од страна на Фондот за здравство. Како пример ќе кажам дека пред два месеци Фондот за здравство одреди референтна цена на породувањето. Нормално породување чини околу 10.600,00 денари, а породување со царски рез чини 21.000,00 денари.

Што значи таа референтна цена?

Тоа значи дека Фондот за здравство иако нема склучено договор со некоја организација, како што е во моментот Систина или Ре-Медика пациентка која сака да се породи во таа здравствена установа може да се породи таму, меѓутоа Фондот за здравство на неа ќе и ја рефундира онаа цена што е загарантирана за тој вид на услуга, за породувањето. Значи, тие 10 илјади или 21 илјада за царски рез. Сумата меѓу оваа и во тие две здравствени организации би била на терет на самата пациентка. Значи, тоа е за поздравување, тоа досега не беше, по донесување на овој закон тоа ќе биде во пракса.

Тоа беше во поглед на бенефитот на фирмите и на граѓаните. Кој е бенефитот од овие промени во законот за здравствените установи односно за здравствените работници.

Знаеме дека во процесот на здравствена заштита се плаќа и партиципација за користење здравствени услуги. Таа партиципација досега беше како приход на Фондот за здравство. Процентот на таа партиципација е до 2 до 3% од вкупните приходи на Фондот за здравство. Ако знаеме дека Фондот за здравство е една моќна здравствена институција која што располага со годишен буџет со околу 280 милиони евра овие 2 до 3% би изнесувале околу 6 до 7 милиони евра. Тие пари наместо да идат во Фондот за здравство остануваат во самата приватна или јавна здравствена установа. Тоа е бенефит за самата установа.

Втор сегмент во оваа работа е тоа што здравствените работници односно тие приватни или јавни здравствени установи досега постоеше клаузула доколку погрешат во нивната работа Фондот да им го раскине договорот. Со овие измени во законот се овозможува да има благи казни за самите здравствени установи и за вработените во нив.

Третиот бенефир од овој закон е што Фондот за здравствено осигурување има можности, законски можности, решенија како да ги наплаќа своите придонеси и да го зголеми процентот на плаќање придонеси.

Тоа беше моето кратко видување на овој бенефит од промените на законот за здравствено осигурување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по тексто на Предлогот на законот.

Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање ги повикувам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, а тие што се во салата да останат.

(Некои пратеници излегуваат од салата)

Ја прекинувам седницата.

Продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 13,52 часот)

(Седницата продолжи со работа во 15,10 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Пред да го ставам Предлогот на закон на гласање, ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници во салата)

Ги повикуквам пратениците да влезат во салата.

Во салата има 60 пратеници.

Бидејќи во салата сега има 61 пратеник, Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, сите 58 гласале за, нема воздржани, немам против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Нема никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали е некој против? (Никој)

По предлогот на законот вкупно гласале 58 пратеници, од нив за гласале 58 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

**Минуваме на точката 20 - Предлог на закон за заштита на правата на пациентите.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Станка Атанасова поднесоа амандмани на член 3 став 2 точка 5, на член 3 точка 3, на член 4 став 1 точка 3, на член 5 став 1, на член 29 став 1 точка 2, начлен 32 став 2, на член 38 став 1 точка 11, на член 41 став 1, на член 41 став 2, на член 42 став 1 точка 8, на член 43, на член 48 став 2, на член 49 став 2, на член 51 став 2 и за додавање нов став по ставот 2, на член 60 став 1 точка 11, на член 63 став 1 точка 1, и на член 65 став 1 точка 10 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Роза Топузова Каревска поднесе амандмани за менување на член 7 точка 1, член 10, на член 14 за менување на став 4, на член 15 став 2.

За бришење на челен 18, за менување на член 18, на член 19 став 2, за бришење на точка 1, на член 19 став 2 точка 3, на член 25 став 6, на член 26 став 1, на член 27 став 1, на член 27 за додавање нов став по ставот 6, на член 28 став 2, на член 28 став 3 за додавање нова точка 4 по точката 3, на член 29 точка 6, на член 31 став 2, на член 31 за додавање нов став 3 по с тавот 2, на член 33 точки 22, 23, 24, на член 35 став 1, на член 35 за менување на став 2, на член 35 став 3, на член 35 за менување на став 4, на член 36 став 1, на член 41 став 1, на член 59 точки 21, 22 и 25 и за менување на точката 26, на член 64 став 1 за бришење на точка 5, за менување на 5 точката 27 и на точките 15, 16, 17, 22, 23, 24и 27 и на член 65 за бришење на точка 2 по кои Владата не се произнела.

Во меѓувреме пратеникот Соња Мираковска поднесе амандмани на член 9 став 2, на член 10, на член 16 став 1, на член 18 за додавање нов став 2, член 25 став 6, член 35 став 2 и на член 36 став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 точка 5, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, точка 3, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 точка 3, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Бендевска Весна.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

На координацијата што ја одржавме и во ваше присуство и во присуство на координаторите на сите пратенички групи со претставникот на Владата задолжен да го претставува овој закон постигнавме навистина вонредна усогласеност.

Нашите предложени 17 амандмани беа прифатени од страна на заменик министерот, 15.

Во знак на добра волја и во знак на благодарност, амандманот број 3 што го поднесовме заедно со колегите Менде Диневски и Станка Атанасова го повлекуваме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 точка 1, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на став 4, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 18, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Овој амандман не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер за здравство,

Како што кажа и колешката на самиот почеток, навистина имавме во голема мера конструктивна дискусија, односно соработка со почитуваниот заменик министер околу овој така важен закон за

заштита на правата на пациентите. Најголем дел од амандманите, јас имам поднесено околу 40-тина амандмани, со оглед на тоа дека најголем број од амандманите е прифатен, односно ќе бидат прифатени од страна на заменикот министер и со тоа во голема мера ќе се придонесе законот да биде полесен за имплементација и да имаме суштинска заштита на правата на пациентите, иако овој амандман се однесуваше на исто така важен сегмент што се однесува на вклучување на пациентот во научно-наставната програма, со оглед на тоа дека околу овој амандман колешката Соња Мераковска има поднесено амандман што сметам дека е посоодветен од тоа што јас го имам предложено, а и во име на соработката што ја оствaривме и разбирањето постигнато од страна на заменик министерот, јас го повлекувам амандманот. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 18, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Овој амандман не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Со оглед деја овој амандман со претходниот е поврзан, го повлекувам и овој амандман.

**Трајко Вељаноски :** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 19, став 2 за брошење на точка 1 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Овој амандман беше повеќе од техничка природа го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 19, став 2 точка 3, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 6, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26, став 1, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 27, став 1, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 27, за додавање нов став по ставот 6, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 28, став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 28, став 3, за додавање нова точка 4 по точката 3, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1 точка 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29, точка 6, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31, став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 за додавање нов 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Диневски и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 точка 22, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 точка 23, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 точка 24, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** И овој амандманот се прифаќа, меѓутоа тука имавме една мала грешка во амандманот и ако се согласи предлагачот, значи амандманот треба да биде, да се спроведе процедура за дијагностика, и да се избрише "за" во текстот на законот. Не знам дали тоа може технички да се изведе.

**Трајко Вељаноски:** Добро, значи вие го прифаќате видо изменет како што го кажавте.

Молам предлагачот на амандманот, дали се согласува.

**Роза Топузова Каровска:** Да почитуван претседателе, очигледно дека е техничка грешка, се согласувам со оваа измена. Ви благодарм.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека амандманот е станува составен дел на текстот на предлогот на законот, видоизменет како што беше прочитан од заменик министерот за здравство.

Отворам претрес по амандманот на член 35 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Се прифаќа амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 3 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Тоза Топузова Каровска, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Почитуван претседателе, го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 35 за менување на став 4, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каровска.

**Роза Топузова Каровска:** Овој амандман е поврзан со претходниот, го повлекувам и овој амандман.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 1, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 1, точка 11, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Динески и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот од предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Динески и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 1, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам, почитуван претседателе,

Со оглед дека се прифатија претходните два амандмани од колегите, овој амандман станува безпредметен и затоа го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Динески и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 1, точка 8 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Динески и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Динески и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 48 став 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Динески и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Динески и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 2, и за додавање нов став по ставот 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Динески и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Динески Менде, повелете.

**Менде Динески:** Благодарам претседателе.

Ова се однесува на членот 51 каде што министерот за здравство формира Државна комисија за унапредување на правата на пациентите и согласно членот, членовите на Комисијата од овој став се избираат од редот на пациентите, невладините организации, медиумите, стручните лица во областа на заштитата на правата на пациентите, како и од Министерството за здравство.

Нашиот предлог е во членот 51 став 2 зборовите "на пациентите, невладините организации, медиумите, стручните лица во областа на заштитата на правата на пациентите, како и од Министерството за здравство", да се заменат со зборовите "претставници од здруженијата на пациенти, лекари, експерти од поодделни области на медицината, претставници на Лкарската, Стопатолошката и Фармацефтската комора на Република Македонија".

Зошто го бараме ова, заради тоа што сметаме дека претставниците на оваа Комисија со Закон добиваат право да решаваат за усмени, писмени поплаки на пациентите, како и предлагање на

мерки и решенија, барање на стручна експертиза, изготвување на извештаи, со што ќе се подобри професионалноста, како и нема да се дозволи деградација на лекарската професија. При тоа, да се заобиколи етичкиот Комитет, Лекарската и Стоматолошката комора во Република Македонија, вклучително и Фармацефстката. Единствено овие здруженија се и законски пропишани, компетентни за овозможување на континуирана медицинска едукација на здравствените работници, давање на стручни мислења, експертизи и дисциплински мерки кон здравствените работници. Од тој аспект сметаме дека подобрувањето на квалитетот на Комисијата која ќе ја формира министерот за здравство ќе овозможи да се отфрлат сите оние сомневања кои можат да се јават. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за гласаа 7 пратеници, воздржани нема, против гласаа 54 пратеници.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Нема никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

Вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за гласаа 7, воздржани нема, 54 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 51 став 2 и за додавање нов став по ставот 2 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Динески и Станка Атанасова.

Отворам претрес по амандманот на член 59 точка 21, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 59 точка 22, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 59 точка 25, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 59 за менување на точка 26, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам, почитуван претседателе.

Го повлекувам овој амандман.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 1 точка 11, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Динески и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 63 став 1 точка 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Менде Динески и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1 за бришење на точка 5, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1 точка 15, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1 точка 16, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1 точка 17, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1 точка 22, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1 точка 23, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1 точка 24, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1 за менување на точка 27, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Топузова Каровска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам, почитуван претседателе.

Го повлекувам и овој амандман.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1 точка 27, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 65 за бришење на точка 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

До колку следев, станува збор за амандманот на член 65 точка 2, за бришење на точка 2, мислам дека и овој амандман требаше да биде прифатен и ќе објаснам зошто. Според амандманот кој што го предлагам се бара да се казни со глоба од 350 до 700 евра денарска противвредност ќе се изрече прекршок за здравствениот работник со непосредна медицинска интервенција ако не му ги даде на пациентот информациите од член 7 став 1 точка 1 до 8 и член 10 на овој Закон и член 38 став 1 точка 3, тоа се информации кои што се однесуваат некој на неговата здравствена состојба и дел од нив се однесуваат како и на

останатите работи кои некои се од важност за обавување на здравствената заштита која што ќе му се пружи  н апациентот. Но, некои според мене немаат толку големо значење и мислам дека оваа казна за здравствениот работник е превисока, до толку повеќе што нема тие информации да влијаат на текот на понатамошното лекување на пациентот, ниту пак негативно да се одразат на неговото здравје. Токму поради тоа мислам дека ова е непотребно, но ако се има предвид дека заменикот министер го прифати амандманот на членот 10 кој што укажува на тоа дека пациентот има право да биде информиран за имињата, стручната подготовка и специјализацијата на здравствените работници кои укажуваат непосредна здравствена заштита преку истакнување на лиценца и тука имаше додадено “како и други начини разбирливи за пациентот”. Ова со прифаќање на амандманот на членот 10 се брише и до некаде влијае врз овој амандман кој што сега го имам поднесено, затоа што воспротивно имавме многу големи злоупотреби, можеше да имаме големи злоупотреби од страна на некои пациенти кои што ќе кажеа дека навистина лекарот не му се претставил на него на разбирлив начин. Меѓутоа и покрај ова мислев дека има простор за прифаќање на овој амандман, но ако министерот смета дека со прифаќањето на претходните амандмани доаѓаат делумно до намалување на можноста за злоупотреба на страната од пациентите, тогаш овој амандман јас ќе го повлечам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 65 став 1 точка 10,  поднесен од пратениците  Весна Бендевска, Менде Динески и Станка Атанасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот  се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не  се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пошто е ова мое прво обраќање би сакала да ви честитам на вашите мандати и да ви посакам успешна работа.

Амандманот на член 8 го поднесов, затоа што овој член 8 се однесува на информациите кои на пациентот треба да му се пласираат на разбирлив и соодветен начин за него. Сметам дека  тоа е тешко да се дефинира и е добро, затоа што следат казнени одредби за лекарот кој тоа не го сторил пациентот да потпише изјава дека ја разбрал инфорамцијата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Почитуван претседателе,

Јас би сакала малку да дообјаснам. Можеби и овој амандман беше добро да биде прифатен. Тоа е многу блискудо она што јас пред малку го говорев дека можеби ќе треба, ќе има можност да се направат одредени злоупотреби од страна на пациентите, затоа што мора да признаеме дека членот 8 не е до крај дефиниран. Но јас овде би сакала да изразам надеж дека многу брзо Ќе биде донесен и законот за доктори, кој што и беше неопходно, можеби и најдобро беше да оди во пакет со овој закон така да ќе се избегнат и овие мои стравувања. Но во секој случај би побарала поддршка и од колегите од парламентарното мнозинство. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника, за гласаа 14 пратеника, 1 воздржан, 50 против.

Ги молам претседателот и членовите на Валдата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам, да крене рака? (Нема никој)

Дали е некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (нема).

По амандманот гласаа вкупно 65 пратеника од нив за 14, воздржан 1 пратеника 50 против.

Констатирам  дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не  се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Овој амандман се однесува на член 9 став 2, а го предлагам затоа што, како

што стои во член 9 со овој член практично пациентите добиваат право на второ стручно мислење што е исклучително важно за нив. Второто стручно мислење од став 1 на овој член на усно или писмено барање на пациентот должен е да го даде секој здравствен работник со најмалку иста стручна подготовка како и таа на здравствениот работник кој го дал првото стручно мислење.

Овој предлог-амандман се однесува на тоа што барам да се додадат зборовите “при услови предложената документација од медицинската интервенција да ги задоволи медицинските стандарди”. Зошто тоа го предлагам? Го предлагам затоа што постојат многу интервенции, многу методи кои ќе зависат од самиот методичар, технотомографија, гастроскопија, холомоскопија и други. Според тоа, кои според приложените резултати од нив без комплетна фотодокументација можат да бидат недоволни за да може вториот лекар кога ќе треба да го даде второто мислење, да донесе вистински заклучок и на тој начин го обесправуваме пациентот на вистинско второ мислење, затоа што може да се случи лекарот само да ја потврди првата дијагноза, а притоа да не може да се искаже дека смета дека тие документи не се доволни или медицински иследувања не се доволни за да донесе релевантно второ мислење. Затоа предлагам да стои додавката “при услови предложената документација, (повторувам уште еднаш), од медицинската интервенција да ги задоволува медицинските стандарди”. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеника, од нив за амандманот гласаа 15, воздржан 1, против 50.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

По амандманот вкупно гласаа 66 пратеници, од нив за гласаа 15, воздржан 1, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 2, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Отворам претрес по амандманот на член 10, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик, заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња.

**Соња Мираковска:** Членот 10 се однесува на правото на пациентот да биде информиран за имињата, за стручната подготовка и специјализацијата на здравствените работници кои му укажуваат непосредна здравствена заштита преку задолжително јавно истакнување на лиценцата за работа издадена од соодветна комора во просторијата каде што работи, како и на други работи разбирливи за пациентите.

Мојот амандман се однесува на тоа што пациентот не може да биде комплетно информиран за стручните квалификации на лекарите на кои ќе им се обрати, затоа што Законот за здравстена заштита на коморите издава само една лиценца иако постојат здравствени работници кои имаат образование за повеќе нивоа за здравствена работа, лекари специјалисти, субспецијалисти, и затоа сметам дека ова предложено законско решение треба да претрпи измени се до моментот додека лекарите не можат да добијат право на повеќе лиценци. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеника, од нив за амандманот гласаа 12, воздржан 1, против 55.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

По амандманот вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за гласаа 12, воздржан 1, против 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик, заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња.

**Соња Мираковска:** Бидејќи член 16 се однесува на заштита на пациентите што не се способни да дадат изјава и како што гласи - ако заради итноста на состојбата не може да се добие

согласност од родителот, законскиот застапник односно старателот, од член 15 став 1 од овој Закон, пациентот ќе биде подлежен на медицинска интервенција само во случај кога заради непревземање на таа интервенција непосредно би бил загорзен неговиот живот, односно животот на друго лице.

Сметам дека итната состојба треба да се констатир и тоа од страна на конзилиум на лекари затоа што тој е единствен начин да биде заштитен пациентот, да не биде злоупотребена итноста на состојбата. Затоа сметам дека ова треба да биде констатирано од конзилиум на лекари.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеника, од нив за амандманот гласаа 15, воздржан 1, против 52.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

По амандманот вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за гласаа 15, воздржан 1, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 став 1, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревик, заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња.

**Соња Мираковска:** Член 18 се однесува на заштита на правата на пациент вклучен во медицинска настава и како што гласи - за вклучување на пациент во медицинска настава неопходно е да се даде свесна, јасна и доброволна писмена или усмена согласност од пациентот дадена од двајца сведоци, врз основа на прецизени и разбирлив начин информации, за природата, важноста и последиците од ризиците на наставата, дадени од страна на здравствениот работник што го вклучува пациентот во медицинската настава.

Предлагам став 2 на овој член кој би гласел - кога пациентот бара здравствена услуга во универзитетска клиника, должен е да потпише изјава дека не сака да биде вклучен во рамките на медицинска настава. Тоа го предлагам од следниве причини:

Бидејќи самото користење на медицински услуги од страна на пациентот, во универзитетска клиника која претставува единство на здравствена наставна и научна функција, пациентот во ваква ситуација е свесен дека бил вклучен во настаниот процес, што значи дека може да се случи под надзор на професор на универзитетската клиника ,да биде прегледан и од страна на некој специјализант, тогаш во оваа ситуација би требало да потпише изјава дека против негова волја нема да дозволи да биде вклучен во наставниот процес.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Сосема накратко, со оглед на тоа што и мојот амандман на членот 18 не се прифати, би сакала сепак да изразам една доза на сомневање дека со членот 18 од Законот за заштита на правата на пациентите, можно е да се доведе во прашање образовниот процес на Медицинскиот факултет односно праксата која што е толку важна за спроведување на образованието на студентите, идните доктори. Меѓутоа, се надевам дека можеби со некој правилник ова поконкретно ќе биде дефинирано, затоа што се плашам дека ќе се доведе во прашање, точно е дека пациентот има право да се изјасни дали сака да биде вклучен или не сака да биде вклучен во настава. Но, сега се прашувам што ќе се случи доколку сите пациенти така се изјаснуваат. Токму поради тоа, можеби и овој амандман вака предложен упатува на тоа дека со самиот избор на пациентот да се лекува на универзитетска клиника постои можноста тој да биде вклучен во наставата. За да биде заштитен можеби треба да се превземат некои други мерки, отколку вака дефинираниот член 18. Околу ова прашање би сакала сериозно да размисли заменик министерот за здравство за да не се доведе, точно е дека треба да се штитат правата на пациентите, но од друга страна, ќе се согласите со мене, не смееме да го доведеме во прашање образовниот процед на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор заменик министерот за здравство господинот Владимир Лазаревик, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Јас исто така сакам да се заблагодарам на колегите кои поднесоа амандмани. Меѓутоа, конкретно да се задржиме на овој амандман.

Би сакал да ја отргнеме таа констатација дека во овој амандман го оневозможува спроведувањето на научно-образовниот процес во универзитетските клиники од причини што граѓаните ја почитуваат наставата и голем број

од нас што сме студирале на Медицински факултет, практично знаат како се спроведува наставата на Медицински факултет. Меѓутоа исто така, она што е поентата на овој закон е да се почитува пред се правото на приватност и правото на достоинството на пациентите. Значи, ние не сакаме да дозволиме на секој пациент, без негова согласност, да му се спроведуваат одреден вид на било какви научни работи или да биде вклучен во образовниот процес без негова согласност. Во најголем број пациентите се согласуваат, меѓутоа сакаат да ги прашат. Овој член практично тоа го бара. Ги замолуваме пациентите да се вклучат. Верувајте дека е мал бројот на тие кои одбиваат да бидат вклучени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Пријавена за реплика е Марија Андоновска, повелете.

**Марија Андоновска:** Уште еднаш ќе го прочитам член 18 кој вели: “за вклучување на пациентот во медицинската настава неопходно е да се даде свесна, јасна и доброволна писмена или усмена согласност од страна на пациентот дадена пред двајца сведоци”. Тоа е дел од членот 18.

Сметам дека нема потреба да се даде и потпише дополнителна изјава. Сето тоа би било на штета односно отежнување на научно-наставниот процес. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика е пријавена госпоѓа Миракова Соња.

**Соња Миракова:** Ќе реплицирам на заменик министерот.

Точно е, пациентите имаат право да бидат прашани и тоа е регулирано во член 18. На обратен начин се поставени работите, во случај кога пациентот е свесно дека бара интервенција од научна установа е сосема нормално дека таму секојдневно се одвива таа научна дејност и доколку не е свесен по дифолт да се бараат сведоци, да бидат присутни за да потврди дали сака да биде вклучен во наставата. Доколку не сака, бидејќи, повторувам, се наоѓа во универзитетска клиника, тогаш да даде изјава или во присуство на двајца сведоци може и така да се промени, тогаш во присуство на сведоци или да даде изјава дека навистина не сака да биде вклучен само во наставниот процес. Не станува збор за научниот процес.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеника, од нив за амандманот гласаа 14, воздржан 1, против 53.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

По амандманот вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за гласаа 14, воздржан 1, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 за додавање нова став 2, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 6, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 2, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеника, од нив за амандманот гласаа 14, воздржан нема, против 52.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

По амандманот вкупно гласаа 66 пратеници, од нив за гласаа 14, воздржан нема, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 став 2, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 1, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња.

**Соња Мираковска:** Член 36 се однесува на тоа дека, како што стои, здраствената установа е должна веднаш да го отпушти пациентот, ако стручниот тим, од член 35 став 1 од овој Закон, утврди дека состојбата на здравјето на пациентот е подобрена до степен да може да се упати на натамошен третман и нега, во заедницата во која живее. Мојот предлог-амандман на овој член се однесува на тоа.

Предлагам во шестиот став, во ставот 1, на крајот од реченицата да се додаде - доколку постојат услови за негово прифаќање. Тоа го предлагам затоа што се случува многу често социјални случаи, стари и изнемоштени лица, лица со посебни потреби да се наоѓаат во таква состојба да бидат во болница и да констатира стручниот тим дека тие лица се здрави и може да се вратат во своите домови. Што ако нема каде да се вратат? Затоа сметам дека во ваков случај треба да биде прво проверено дали е обезбедено понатамошно згрижување на таквите лица, пред да се отпуштат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеника, од нив за амандманот гласаа 15, воздржан 1, против 52.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против?(нема)

По амандманот вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за гласаа 15, воздржано 1 пратеник и против 52 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 36 став 1 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор госпоѓа Топузова-Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер за здравство.

Дозволете ми сосема накратко да го искажам своето мислење околу овој закон за заштита на правата на пациентите. На самиот почеток да кажам дека јас ќе го подржам овој закон заштита на правата на пациентите, меѓутоа и кога овој закон беше во првата фаза укажувавме дека овој закон за најдобро да профункционира ќе треба да биде донесен во пакет со законот за доктори.

Со оглед на тоа дека ова не е направено во овој момент јас сакам да апелирам до идниот министер за здравство час поскоро на Собранието да му достави ваков закон.

Со прифаќањето на амндманите се направија некои суштински измени во самиот закон со што тој ќе може да биде полесен за имплементација и да им пружи суштинска заштита на правата на пациенитите, не само заштита од формален аспект.

Се надевам дека овој закон ќе најде негова целосна имплементација и конечно пациентите ќе почуствуваат дека во голема мера имаат одредена заштита, не само здравствена туку и од други аспекти.

Со носењето во пакет на законот за доктори со законот за заштита на правата на пациентите, не го кажувам тоа само  од аспект што сметам дека треба на некој начин да бидат заштитени докторите и останатите здравствени работници туку сметам дека ова е многу важно затоа што само така ќе може да се јакне довербата меѓу докторите и пациентите, која што сите мора да признаете дека е многу значајна не само во текот на лекувањето на пациентот туку и во натамошната релација и контакти за време на рехабилитацијата на пациентите. Мислам дека овој закон беше потребен на Република Македонија не само поради тоа што го носи знакот на Европската унија туку поради тоа што ако сакаме нашата земја да се вброи во модерните и современи земји кои им пружаат вистинска заштита на пациентите беше потребно да имаме еден ваков закон.

Се надевам уште еднаш дека многу брзо во Собранието ќе го добиеме законот за докторите.

Ќе дадам подршка на овој закон и ви благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас исто така би сакал на некој начин да се заблагодарам прво на сите пратеници кои што учествуваа во оваа дискусија, впрочем и на дел од минатиот парламентарен состав кој што исто така учествуваше во расправата по овој закон. Ако се потстетиме овој закон прв пат беше предложен во текот на 2006 година, поточно кон крајот на 2006 година, се побуди голем интерес како меѓу пратениците така и меѓу стручната јавност и се разбира меѓу граѓаните за кои впрочем се однесува овој закон. Во договор во минатито парламентарен состав се направи конструктивна расправа, каде што се договоривме законот да оди во две фази. Во меѓувреме ние во Министерството за здравство организиравме две јавни расправи. Едната беше во соработка со Македонскиот центар за

меѓународна соработка каде што беа поканети голем број на невладини организации кои директно учествуваа во сугестиите и коментарите во делот на законот. Понатаму имавме јавна презентација и тркалезна маса која се одвиваше во рамките на Саемот на невладини организации во текот на есента, а исто така пред неколку месеци имаше уште една јавна расправа која беше организирана со помош на невладина организација Студиорум каде што се презентираа главните поенти и аспекти на законот.

Верувам искрено дека овој закон ќе направи една голема и суштинска промена на парадигмата каде што вистински ќе може да се доближат правата на пациентите, пред се да се доближи правото на информираност,тоа што е најсуштинското, поради тоа што еден од главните проблеми во здравствениот систем е односот на иформацијата која што се движи од лекарите и од медицинскиот персонал кон граѓаните, така што би сакал на сите да се заблагодарам и верувам дека ќе имаме еден конструктивен закон којшто на сите нас ќе ни послужи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Драго ми е што говорам веднаш по излагањето на господинот заменик министерот, господинот Лазаревик и сериозно сум задоволна не само од денешната соработка, туку и од драстичната промена на ставот кон овој закон, да потстетам со европско знаменце, на замеником министер. Ги имам сите стенограми господине Лазаревик, бев спремна да се соочам со истиот Лазаревик кого го убедувавме и во април 2007 година законот да не оди во една фаза, кога го молевме да оди во две фази, да биде консултирана експертската јавност и навистина драго ми е, ви благодарам.

Морам да признаам дека 17-те амандамни од кои денес 15 прифативте се директно изработени од претставниците на здруженијата на пациентите на Република Македонија. Значи не дека откривавме топла вода, работевме со фелата на која се однесува овој закон.

Сега колегите од владеачкото мнозинство реагираат верувајте, ги молев да ги консултираат, се разбира, многу е полесно еден закон да добие подршка од претставник на владеачко мнозинство, но сигурна сум бидејќи сум работела и во Комисијата за труд и социјална политика и господинот Пачемски и со господинот Гинев, имаат позитивен став кон овој закон. Законот е европски закон, немам дилеми кога донесуваме еден закон дека тоа е тоа, го вадиме најдоброто. Не, еден закон ќе има своја судбина, од нас зависи дали ќе го надградуваме, дали во имлементацијата ќе покаже слабост и тоа е тоа.

Нема сега да говорам зошто не отиде на јавна расправа, бидејќи денес кажавте дека две јавни расправи се одржани. Нема да говорам дека овој записник од лекарската комора одржан на 11 април кој го одбивте да го имплементирате во законското рашение, задоволна сум што денес преку амандмани го сторивте тоа.

Ќе говорам зошто овој закон не е добар или што претходи на еден ваков европски закон. На 28 април 1994 година Македонија ја потпиша декларацијата за промоција на правата на пациентите во Европа, во првите земји на Европската унија. Од 1994 до денес Собранието на Република Македонија не го ратификувала ова што е суштина на овој закон што денес го изгласавме. Се надевамм говоревме и на координацијатам заедно сите ќе промовираме нов начин барем на еден ваков законм вие кажавте дека овој закон предизвика внимание, се разбира, освен луѓето со загрозено здравје кои се пациенти секој од нас дефакто е потенцијален пациент и заинтересиран за една добра законска регулатива. Но морам да кажам дека сепак ако веќе ќе се усогласуваме со европските закони, ние мораме да најдаме сила да носиме кодифицирани закони. Ние моравме бидејќи и вие господине Лазаревик, да не го барам стенограмот, ветивте дека оваа Влада ќе направи обид ако сте на заминување овие два закони да одат паралелно.

Законот за здравствена заштита ја уредува областа на давањето на здравствена заштита, ама имаме приматели на услугата и даватели. Тиходовноста, природата на овој состав не може да прејудицира дека првин пациените треба да ја добијат заштитата на своето право виза ви доктори. Вие ветивте дека е во тек изготвување на законот за докторска дејност, драго ми е што потврдуваат, ама заборавивте да го кажете овде на говорница. Заборавивте да кажете дека и Лекарската комора веќе ви го изготви како предлог закон. И јас само ве потсетувам дека можеби сте го заборавиле, но уредно е да кажете.

Денес ќе го подржиме овој закон иако повторно имаме дилеми, колегата Динески говореше. Значи дилеми имаме околу телата за заштита на правата и на локално и на централно ниво, го прифативте нашиот амандман на локално ниво Комисија да избира Советот на општината согласно Законот за локална самоуправа. Тоа е добро. За Комисијата на централно ниво за унапредување и заштитата немавме исто мислење и го повлековме амандманот, но не се откажуваме во некој нареден период да понудиме и подобро решение. И во тоа се согласивме, се разбира.

Најмногу нашата дилема е, ќе умеете ли да кажете, да лоцирате кога ќе се донесе, кога ќе биде готов, кога оваа Влада ќе најде нели на 21 јуни, оваа Влада колку закони по итна постапка, 79, ни даде. Епа можеше гопсподинот Груевски да ве задржи уште некоја минута и да го поминете и законот за докторска дејност. И тоа е малку. Требаше законот за заштита на пациентите паралено со законот за лекарска дејност, да ги усолгласите со постојните закони за здравствена заштита и се разбира со Законот за здравставо осигурување. Е тогаш ќе говориме

Република Македонија има капацитет и политичка вољa подржана од опозицијата да донесува кодифицирано законодавсто. И тогаш ќе добиваме сериозни поени пред европската комисија..(ми смета колегата Ѓорчев има некоја поважна работа, сеедно, бидејќи се извинувам што не излегов на говорница) тогаш ќе ја имате подршката сериозна во поглед на законите во здравствена регулатива.

Господине Лазаревик, ми го должите одговорот за законот за докторска дејност. Подршката е несомнена, со среќа да ни биде законот и иплементацијата, иако во овој момент правниот вакуум што само во Република Македонија е можен, ниту имаме, ниту немаме Влада, сеедно, во рок од 8 дена од донесувањето ќе започне да се имплементира. Сепак се надевам дека прво што ќе сториме ќе ја ратификуваме декларацијата, ќе го донесеме законот за докторска дејност и ќе се пофалиме во еден сегмент со европски закони.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Владимир Лазаревик, заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Да се заблагодарам на пратеничката Бендевска за коментарите и еден кус одговор само во делот на законот за докторите или за медицинска дејност практично не е точно дефиниран насловот. Ние како министерство влеговме во разговори со Лекарската комора и прифативме да почнеме да работима на подготовка на тој закон, точно е дека тие ни донесоа предлог-текст меѓутоа кој што сепак е потребно да се стави во соодветен формат којшто не беШе достапен во мементот кога го добивме. Постапката е започната и мислам дека новата Влада многу брзо ќе успее да го подготви предлогот и да го достави до Собранието, така што вашиот состав верувам дека ќе има можност и да го усвои тој закон. Само толку, балгодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Господине Лазаревик, сериозно имам дилема, еве ја програма та, и тоа оваа надградената, проширената што тежи повеќе. На 166 страница, во сериозен интерес на запознавање на јавноста, сте ветиле нови закони за подобрување на јавното здравје и во него стојат Законот за јавно здравје, Закон за заштита на пациентите тој итно го донесуваме, Закон за медицинска евиденција и ветувате усвојување на медицинска мапа. Ни 3 од законот за лекари. Ве упатувам повторно со претставниците на Лекарската комора да објасните дали тоа што сте го предвиделе во оввј мандат да го направите тоа значи дека тој закон ќе мора својот бел ден да го чека во наредните години, колку што ќе има судбина да трае новата Влада. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Гинев Јован, повелете.

**Јован Гинев:** Благодарам претседателе.

Јас припаѓам кон здравството и морам да кажам две реченици за овој закон, кој со амандманска расправ денес е корегирам и поусовршен.

Правата на пациентите делумно се уредени во прописите од областа на граѓанското, кривичНото, а посебно здравствено законодавство. Денешното здравствено законодавсто не ги задоволува меѓународните стандарди во однос на правата на пациентите , заштита на тие права, како и обврските на здравствените установи да ги реализираат правата на пациентите и нивната заштита. Членките на Европската унија кон кои се стреми Република Македонија имаат посебен закон или посебна повелба за заштита на правата на пациентите. Република Македонија има потреба од донесување на еден ваков закон за заштита на правата на пациентите кој ќе биде во корелација со европското законодавство со кој Република Македонија реализира обврски од меѓународните документи за заштита на правата на човекот.

Суштината на овој предлог на закон се состои од воспоставување на систем на заштита на правата на пациентите кој ќе не приближи кон стандардите на европската и светската здравствена организација, Советот на Европа и Европската унија во кои се вградени највисоките демократски придобивки на европските земји.

Целите на овој закон што треба да се постигне е да се обезбеди доуредување и прецизирање нма правата и обрските на пациентите во Република Македонија, како и правата и обврските на здравствените установи и здравствените работници во реализација на правата на пациентите и нивната заштита.

Амандманската расправа на Владата на Република Македонија по овој предлог закон, сугестиите од Стоматолошката и Фармацевската комора и Лекарската комора на Република Македонија, како и од пратениците, битно придонесоа овој закон да има поголем квалитет и го подобрија текстот на овој закон.

Со донесувањето на овој Предлог закон ќе имаме многу квалитетен закон кој ги уредува и прецизира правата и обврските на пациентите , како и правата и обврските на здравствените работници и здравственита установи во реализација на правата на пациентите и нивната заштита. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот наПредлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за предлогот на законот гласаа сите 68, нема воздржани, нема против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против?(нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за гласаа сите 68,од гласањето никој не се возджа, никој нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за заштита на пациентите.

**Минуваме на точката 21-Предлог на закон за градежното земјиште.**

Предлогот на законт ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасијевски поднесоа амандмани на член 13 за додавање две нови става по членот 2, член 13 за менување на став 4, член 14 став 2 за менување алинеја 4, член 14 став 2 за бришење на алинеја 6, член 15, член 16 за менување на ставот 2 и на членот 48 за менување на став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Андреј Петров поднесе амандмани на член 12 за менување на став 3, член 12 став 4, член 14 став 5, член 32 за бришење на став 2 и на член 44 став 3, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Сакам уште еднаш да апелирам до Владата да размисли сериозно околу прифаќањето на овој амандман. Сакам да ја кажам суштината на овој амандман.

Постојната регулатива и можностите само Владата да менаџира со градежното земјиште претставува сериозна опасност за одбивањето на странските инвестиции и многу им отежнува на општините во секојдневната работа.

Затоа разумно решение е Владата да управува со земјиштето од прва и втора категорија за кое Владата издава градежни дозволи, а општините да бидат во можност за градбите од трета, четврта и петта категорија за кои издаваат градежни дозволи да управуваат со градежното земјиште.

На тој начин од една страна ќе се зајакне капацитетот на општините, а од друга страна ќе воспоставиме вистински, а не само декларативен едношалтерски систем во општините и нема да играме пинг понг со инвеститорите кои ќе доаѓаат час во општините час во Министерството, што од друга страна ќе делува поволно и на развивањето на монополскиот систем на Министерството за транспорт и врски во доделувањето на градежното земјиште.

Мислам дека Владата треба уште еднаш да размисли и овој амандман да го прифати кој е во согласност и со Европската повелба за локална демократија кој е во согласност и со образложението и Извештајот на Светската банка за изминатата година во делот за развојот на општините и привлекување на странските инвестиции.

Затоа уште еднаш апелирам Владата да размисли и да направи вистински потег во управувањето со градежното земјиште. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Денеска, за жал, имаме закон за кој ќе зборуваме повеќе по текстот на тој закон кој има за задача и цел да ги легализира сите коруптивни активности што Миле Јанакиески досега ги правеше заедно со Владата на Никола Груевски.

Но, ова е една од причините зошто не започнавме со европските закони затоа што Владата брзаше за да си даде законска рамка за се она што го правеше до сега во овие две години.

Вчерашната дебата на повеќе градоначалници, а и амандманот предложен од господинот Андреј Петров зборува за иднината на Република Македонија. Затоа ние во Програмата на овие избори едно од клучните темели за создавање на позитивна бизнис клима беше пренесување и за зголемување на инвестициите, а денеска на вести кажаа дека Македонија според анализа на Виенскиот институт е земја со најмалку странски инвестиции.

Една од мерките за да дојдеме до повеќе странски инвестиции беше пренесување на надлежностите на општините, посебно во делот на градежното земјиште заради поттикнување на побрз економски развој и заради наоѓање на средства на општините за да можат да си ги извршуваат своите сервиси и своите услуги кои со закон им се дадени.

Процесот на децентрализација знаеме дека го запре Владата на ВМРО-ДПМНЕ, воведе една дискриминација кон општините во кои градоначалници се од други политички партии, практично ги стегна сите славини кои можат да значат локален економски развој за поедини општини.

Во изминатиот период се покажа дека имаме многу поспособни градоначалници отколку министерот за транспорт и врски кој и покрај досегашната децентрализирана улога со овој закон само уште повеќе ќе си ги зголеми дискреционите права за да може, за жал, согласно законот да продолжи корупцијата со градежното земјиште во Република Македонија.

Не постои земја во светот која има локален економски развој, а која менаџирањето на градежното земјиште не го доделила на локалната самоуправа. Кај нас менаџирањето е уставна категорија. Менаџирањето на градежното земјиште е во рацете на локалната самоуправа само со предлог на овој закон сите во светот, бидејќи со овој закон им се дава и на странски лица, можат да поседуваат и да менаџираат со градежно земјиште освен локалната самоуправа во Република Македонија.

Значи, некој инвеститор од Африка, Австралија, Канада, Арктикот, Антарктикот било каде и било кој може да поседува градежно земјиште освен локалната самоуправа и општините во Република Македонија. Тој апсурд веројатно ќе има своја натамошна дебата во јавноста. Знаеме кога овој закон дојде во Собранието не наиде на одобрување од експертската јавност. Тие бараа, молеа кон Владата да го предложи во две фази. Владата на 40 члена предложи 21 амандман. Од тие 21 амандмани гледаме 2-3 се уфрлени сега, а другите се подзаборавени. Но тогаш тие мораа да ги дадат, бидејќи беа пред избори. Тогаш глумеа со тие амандмани нешто што требаше да биде позитивно оценето и од Европската унија и од граѓаните.

Овој закон во Европската унија е со европско знаменце. Само, за жал, тука го нема европското знаменце затоа што нема спроведување на европски директиви.

Господинот Петров ја спомна Европската повелба. Нема друга шанса и за фискална децентрализација и за финансиска моќ на општините од немањето на шанса да менаџира со градежното земјиште. Таа по законите мора да ги средува работите, но централната власт никако да се реши тие услови да и ги даде.

Затоа овој закон оди во правец на прекинување на сите инвестиции или на сите добри идеи што доаѓаат од општините. Многу е полесно една општина на пример има десетина атрактивни локации 80 општини ќе дојдат до 800 или 1000 добри локации за кои има заинтересирани инвеститори кога тие ќе влезат во фиоката на Миле Јанакиески не можеме да очекуваме брзо да се решат, но и да се решат согласно законот.

Затоа, тоа е една од клучните причини зошто денеска Виенскиот институт вели дека како Македонија имаме најниско ниво на странски инвестиции. Нема друга шанса за економски развој на оваа држава доколку градежното земјиште не се даде да се менаџира од страна на локалната самоуправа. Нема подобра и полесна иднина секој успешен градоначалник да си менаџиро со она што е негово, со она што припаѓа на општината, со условите што ги знае, со приоритетите што ги знае, па потоа од тие средства што ќе ги добие од странската инвестиција како процент, како пари, како такса во Буџетот на локалната самоуправа тогаш да направи многу повеќе градинки, повеќе амбуланти, да ги зголеми услугите кон граѓаните.

Ова е добро за сите општини во Република Македонија. Со централизирана политика, со дискрециона моќ која е зголемена на овој начин од страна на министерот апсолутно не можеме да очекуваме дека во иднина ќе имаме локален економски развој.

Бидејќи Владата си го кажа своето иако 5-6 пати ги менуваше своите ставови дури овој закон беше во процедура во Собранието во претходниот период, се надевам дека парламентарното мнозинство кое претендира да ги освои сите општини во Република Македонија ќе се реши да гласа за овој амандман за да им даде сила на градоначалниците за програмите што ги ветиле, за идеите што ги имаат да можат да ги имплементираат и во пракса многу полесно отколку сега со ваквата централизирана и недозволива моќ што му е дадена на министерот Миле Јанакиески. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Се јавив за да дадам поддршка на амандманот на колегата Андреј Петров, бидејќи сметам дека амандманот е суштински и во значителна мера може да придонесе за поквалитетно, поекономично и подомаќинско управување со градежното земјиште во Република Македонија.

Сега е моментот овој Парламент иако на самиот почеток од својата работа иако нема вистинска Влада која мандатот би го црпела од довербата дадена од овој нов Парламент да направи чекор напред и да го усвои амандманот давајќи право на општините сами да управуваат со градежното земјиште во случај кога се работи за објекти од трета, четврта и петта категорија.

Кога се носеше Законот за локална самоуправа таму стои една одредба дека општините се грижат за локалниот економски развој и притоа никаде не е наведено или разработено под законски акт кои права ги имаат општините околу тој локален економски развој. Се се сведе на правење студии, стратегии, проекти, урбанистичко уредување на одредени парцели за привлекување на странски инвеститори, но општините немаа право да даваат градежно земјиште и директно да преговараат со потенцијалните инвеститори за да стекнат право на тоа градежно земјиште да гради врз основа на договор со општината.

Ако знаеме дека еден од најголемите проблеми на децентрализацијата односно на нејзиното функционирање е токму немањето доволно

финансиски средства општините да можат вистински да профункционираат како независни единици на локалната самоуправа и да се соочат со сите предизвици што ги носат новите надлежности во смисла управување со училишта, со градинки, изградба на квалитетни патишта, парково, тротоари, улуци, претставува недостигот на финансиски средства. Ова е одличен начин преку прифаќање на овој амандман навистина да се даде шанса општинтие да можат да добијат и повеќе финансиски средства, но и да исполнат една своја обврска од законот, а тоа е да се грижат за економскиот развој и истиот да можат да го придвижат и општините да испаднат од летаргијата.

Се покажа од досегашната пракса што е доволна од 17 години дека Владата не може квалитетно да управува со градежното земјиште, бидејќи во ниедна општина по основ на одредено стопанисување со градежното земјиште не се оствари напредок. Напротив, трансформацијата на градежното земиште или давањето под закуп беше предмет на разни афери, разни криминали и тоа остана како една црна точка кога се дава под закуп градежно земјиште или има оглас во весниците коментарот е дека некој ќе земе провизија или тука има нешто матно.

Праксата покажува дека колк пониско се спушти правото на управување со градежното земјиште на локално ниво, толку подобри резултати ќе има и за локалниот економски развој и за финансиското работење на општината, а сето тоа заедно ќе придонесе и за намалување на невработеноста и за создавање на поквалитетни услови за живот на граѓаните во општините.

Да се вратиме на последната анализа што беше направена во магазинот "Форум" во кој беше пофален напредокот на Република Македонија во поглед на условите на водење на бизнис. Една од најголемите забелешки во оваа анализа беше дека во Република Македонија недостасува иновација на државните институции за да се подобри уште подобро бизнис климата во Република Македонија.

Сметам дека овој амандман е добар начин една од таа пречка да се надмине и навистина на општините да им дадеме шанса да покажат дека можат да се грижат за локалниот економски развој.

Апелирам до колегите пратеници, сите доаѓаме од одредени општини, без разлика кои се градоначалници во тие општини, да го поддржат амандманот, ова е во интерес, пред се на граѓаните и во интерес на жителите во тие општини. Навистина да се даде шанса да ги почувствуваат во вистинска смисла бенефитите од децентрализацијата. Апелирам до колегите да го поддржат амандманот, сметам дека ќе направиме значаен чекор напред во процесот на децентрализацијата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници,

На почетокот сакам да посакам успешна и плодна работа на новиот парламентарен состав, а воедно да им го честитам мандатот на новите пратеници.

Што се однесува до амандманот сакам да кажам мое видување во однос на излагањето на колегата кој претходно говореше.

Имено, она што се предлага со овој амандман е измена на ставот 3 од членот 12 со кој е дефинирано дека со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија во име на Република Македонија управува Владата на Република Македонија. Значи, се предлага управувањето да припадне на општините.

Јас не се согласувам со ваквата измена, а ќе кажам од кои причини.

Имено, ценам дека треба да се направи одреден временски период на зајакнување на кадровските капацитети на општините кои ценам по мое видување дека не се доволно во можност да управуваат со градежното земјиште. Исто така потребно е спроведување на реформите во Катастарот кои треба допрва да следуваат. Она што една општина може да го направи на ниво на своите простори, на површините на самата општина, согласно ГУП предвидува одредена инвестиција, одредена градба и мислам дека општината не треба да се ослонува, како што кажа мојот почитуван колега, дека општините се во состојба да немаат доволно средства за нивно функционирање и дека оваа форма која се предлага со измените на овој став од членот е одличен начин да добиваат повеќе средства.

Јас не размислувам така и од тие причини нема да дадам поддршка на овој амандман. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавен господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Прво, ја разбирам колешката дека таа зборува она што го зборуваат министрите. До сега се покажа дека во изминатите две години Владата се ќе направи само да не се откаже од своите права за управување со одреден државен имот.

Втора работа што сакам да и ја кажам, колешке, за пример земете ја општината Инѓија во Србија, таа е еден пример за успешна локална самоуправа, прочитејте некое од интервјуте на тамошниот градоначалник ќе видите дека главниот успех за напредок на општината го има постигнато токму со пренесувањето на правото на управување на градежното земјиште на локалната самоуправа.

Праксата покажува дека колку пониско се спушти правото на управување, толку подобри резултати ќе се постигнат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трјанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека идеата што е предложена преку амандман на господинот Андреј Петров не е од сега и многумина од градоначалниците, советите на општините се залагаат на општините да се пренесат правото на управување со градежното земјиште. Во основа за мене ваквата идеа е прифатлива, меѓутоа сакам да сугерирам, со оглед на тоа што ако вака се прифати амандманот 10-те контролни механизми кои што ќе ги има централната власт можни се злоупотреби, можна е продажба или управување со имот кој што ќе нанесе огромни штети, но како идеа и како начин на разрешување на голем број на економски проблми на општината и за позабрзан економски развој во кој што учествуваат и општините треба да се размислува и имоја сугестија би била до Владата, до Министерството за транспорт и врски да работи на системски решенија со кои ќе се разреши овој проблем како што е потребно да се разреши.

Мислам дека без разлика на тоа дали нема да се прифати овој амандман денеска ќе останат сите овие сугестии и сигурен сум дека Парламентот преку овие расправи ќе врши притисок на Владата побрзо да предложи решенија кои што ќе го разрешат овој проблем. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Не се работи воопшто во случајот да се одземе на Владата правото на управување со градежно земјиште.

Она што јас го сугерирам во овој амандман е градежното земјиште да се управува согласно категоризацијата на земјиштето односно Владата да го управува градежното земјиште за големите стратешки објекти, од прва и втора категорија, меѓутоа, правото за 3, 4, и 5-та категорија да биде кај општините бидејќи на тој начин ќе имаме вистински едношалтерски систем во општините и целата процедура ќе се завршува таму.

Сум согласен да се предвидат сите можности, сите контролни механизми, исклучително во една транспарентна постапка, со тендерски процедури и Министерството да ја задржи можноста доколу тоа не биде направено така да го санкционира прекршокот евентуално доколку настанал.

Значи, се работи за еден став кој наоѓа потпора и во мислењата на многумина релевантни институции од странство особено извештајот на Светската баника на минатата година е недвосмислен дека треба да се оди во тој правец, а исчекорот што ќе биде направен во децентрализацијата ќе биде огромен. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам претседателе.

Јас мислев дека во овиот парламент ќе разговараме исклучиво за целосно пренесување на ингеренциите односно отстапување на управување на градежното земјиште на локалните самоуправи, затоа што поголемиот дел од Европа и во нашето блиско соседство управувањето на земјиштето е во сопственост на локалните самоуправи.

Јас очекував дека од нашите соседи тоа искуство ќе го црпиме и ние ќе го примениме во нашата земја, во нашите закони.

Мислам дека и со член 6 еден голем апсурд е направен, затоа што вели “градежното земјиште може да биде во сопсственост на Република Македонија или во сопственост на домашни и странски физички и правни лица”.

Може да биде во сопственост на странски, физички и правни лица, а не може да управува локалната самоуправа.

Мислам дека со префрлувањето на условите за управување со градежното земјиште на локалната самоуправа ќе се овозможи побрз развој на сите локални самоуправи без разлика од кои редови,од кои политички редови доаѓа градоначалникот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Заради волја на вистината јас се извинувам меѓутоа морам да реагирам, веројатно ненамерните грешки кои што беа направени во излагањето на господинот Чинговски, да ги појаснам.

Тука разговараме за управување со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, а не разговараме за сопственост. Тоа се два многу разлиучни термини и ве молам, со измешано употребување на тие два термини може да предизвикате многу нејаснотии и кај колегите пратеници и во јавноста.

Значи, сосема два различни теми се, она која ја имаше господинот Андреј Петров во својот амандман и она што вие реагиравте во вашата реплика.

Значи, едно е сопственост врз градежно земјиште, а друго е управување со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господин Томе Чинговски.

**Томе Чинговски:** Јас само цитирав дека апсурд е направен. Градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија и сопственост н а домашни и странски физички лица. Јас тоа го цитирав од Законот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, и од нив за амандманот гласале 12, воздржан 1, и 52 пратеници се против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амндманот, молам да крене рака? (Нема никој)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Дали има некој против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 65 пратеници. Од нив за гласаа 12, воздржан еден, и 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за менување на став 3 поднесен од пратеникот Андреј Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 4, поднесен од пратеникот Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендар Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање два нови става по ставот 2, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендар Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа, со корекција доколку предлагачите тоа го потврдат.

Во ставот 2 каде стои “јавниот правобранител дава согласност”, треба да стои “државното правобранителство на Република Македонија дава согласност”.

Со оваа корекција амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Предлагачите дали ќе се согласат со оваа корекција.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам господине претседателе.

Апсолутно прифатливо е. Направена е можеби повеќе техничка грешка, секако суштината е запазена и нема зошто да не биде прифатена измената.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е прифатен со корекцијата што е направена и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на став 4, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендар Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 42, за менување на алинеја 4, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендар Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Молам дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Прво би сакала да се заблагодарам на заменикот министер за прифатените амандмани. Сметам навистина во голема мера ќе се спречат злоупотребите во оваа сфера и би сакала пред да кажам неколку збора за амандманите што следуваат односно конкретно за овој амандман да изразам одредено незадоволство што овој закон го носиме сега по итна постапка, дотолку повеќе што овој закон и Законот што следува, законот за градење беа доставени во Собранието на Република Македонија и долго време чекаа да дојдат на дневен ред. Токму тогаш кога се приближи точката на дневен ред, кога имаше шанса пратениците да дебатираат по нив тие беа повлечени од дневен ред и сега без можност да расправаме на комисии по овие закони се доставуваат по итна постапка во Собранието.

Мора да признаеме од колкава важност се овие закони за целокупниот развој на Република Македонија, уште повеќе за привлекувањето на странски инвестиции што по сите основи во програма и надвор од програма во изјави или без разлика како Владата го намтнува како свој приоритет иако за жал тој приоритет многу малку се реализира, за што впрочем и претходно се говореше.

Сметам дека со донесувањето на два квалитетни закони од оваа сфера, како што е Законот за градежно земјиште и Законот за г радење ќе се овозможи да се поттикнат донекаде, она што е исто така неопходно, реформите во судскиот процес да се поттикнат странските инвеститори, барем малку повеќе да инвестираат во Република Македонија. Со тоа ќе се подобри

општата економска клима, а до некаде и стандардот на граѓаните.

Реков, дека од голема важност беше да се прифатат претходните амандмани, а со овој амандман интервенираме во членот 14 во каде што во алинејата 4 стои дека за оформување на г радежна парцела предвидена со урбанистички план доколку лицето има сопственост повеќе од 30% од градежната парцела и ако со планот на таа градежна парцела не се предвидува изградба на градба од јавен интерес утврден со закон. Значи, тоа е во случај со непосредна спогодба кога градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се оттуѓи.

Ние предлагаме наместо ова предложено решение за дооформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план доколку лицето има во сопственост повеќе од 50% од градежната парцела. Значи, ние бараме процентот од 30 да се зголеми на 50 иако со план на градежната парцела не се предвидени објекти од јавен интрес утврден со закон.

Со вака предложеното решение сметаме дека ќе може во случаи во делот кога ја дооформува градежната парцела и е предвиден јавниот интерес државата ќе има можност да си го заштити јавниот интерес, а воедно да се избегне двојното плаќање.

Мислевме дека ова решение ќе биде прифатливо за заменик министерот. Можеби во иднина ќе се покаже дека ова е попрактично, но очекувам дека ќе добијам поддршка и во овој момент од колегите пратеници, затоа што мора да признаеме дека се залагаме пред се за заштита на јавниот интерес.

Со непосредна спогодба на градежното земјиште, кое што е сопственост на Република Македонија и треба да се оттучи ние имаме уште еден амандман кој што следува на истиот овој член и затоа мислам дека би било добро кога би бил прифатен и овој амандман за да може следниот амандман да биде заеднички во релација. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам.

Онака како што предлагачот го образложи амандманот стекнувам впечаток дека се работи за порестриктивна форма на дооформување на градежната парцела. Тоа значи секој кој што поседува повеќе од 30, а под 50% доколку го прифатиме овој амандман не ќе може да го оствари правото на дооформување на градежната парцела. Тоа значи дека доколку некој има на пример 30% од градежната парцела во приватна сопственост а остатокот од 70% е во државна сопственост согласно текстот во Законот ќе може да го оствари тоа право,, меѓутоа, доколку го прифатиме амандманот тогаш не ќе м оже и тогаш доаѓаме во една ситуација кога многу сопственици на приватно градежно земјиште кое што е урбанизирано а поседуваат помалку од 50% а повеќе од 30% не ќе може со вака предложениот амандман да добијат сопственост.

Сметам дека јавниот интерес државата ќе го заштити доколку е процентот 30, а не 50, ќе го избегне двојното плаќање и со 30 и со 50%, меѓутоа колешке Топузова мислам дека вашиот начикн е поресриктивен за регулирање на дооформувањето на градежната парцела не му оди на никого во прилог. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Накратко би сакала да му реплицирам односно контрареплика на почитуваниот колега.

Не се работи за порестриктивен начин, туку се работи затоа што сметаме дека е посоодветен за заштита на јавниот интерес и избегнувањето на двојното плаќање.

Сега секој има свој начин на видување на нештата, меѓутоа, пратеничката група на ЛДП мислеше дека ова е посоодветен начин за заштита на јавниот интерес, па токму во таа насока го предложивме амандманот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Прво, да изразам незадоволство што беше прифатен претходниот амандман не од аспект на предлагачите што се потрудиле да воспостават едни критериуми за оневозможување на злоупотреби, туку пред се од тоа што Владата продолжува со потврдување на политиката што ја има во рамките на овој закон, која што ја красат две работи. Тоа е корупција и дилентатизам.

Нема градежно земјиште во заштитен појас. Во петок имаме седница за Законот за јавни патишта, таму е дефиниран заштитниот појас околу патиштата. Значи, не постои заштитен појас кој што претставува градежно земјиште.

Ист третман или иста категорија или ист приоритет и ист однос од државата има и патот и заштитниот појас околу патот, што значи дека намерата, ова е една од четирите корумптивни точки што си ги има поставено Владата, скриени црни точки или капиџици за корупција. И ова е едниот од нив.

Предлагачите се обиделе да ги зголемат критериумите и одредена транспарентност, тоа е добро, но за жал градежното земјиште дефинирано во урбанизирани зони помеѓу две урбанизирани зони постои пат, тој не е дел од урбанизираното земјиште.

Како што оди патот двете страни од страна е заштитен појас. Во петок, на седницата по законот, во Законот пишува едно метро, може и да е повеќе.

Би било сулудо целиот тој патен правец да го дадеме на с транска компанија. Ама Владата решава тоа да го даде со непосредна спогодба. Сега Владата ќе си калкулира или Миле Јанаќиевски ќе си ги вика, прво на пример Т-мобаил, па Космофон, па ВИП и ќе се договара со кои од нив со непосредна спогодба ќе поставува оптички кабел во заштитениот појас. Македонија после решава да прави четврта лента до Битола преку Плетвар не може да прави затоа што во заштитниот појас од страна странска компанија си го зела под долгорочен закуп, т.е. 99 години, никој за жал нема да бидеме живи тогаш, ќе си го има тоа без државата да може да ја направи четвртата лента на патниот правец. Но, бидејќи амандманот се прифати не можеме да дискутираме за тоа, ќе зборуваме по текстот пак.

Што се однесува до овој амандман, ова е вториот капиџик за корупција. Тоа е непосредната спогодба на земјиште кој што има 30%. Не за џабе колега Петров предлагачите дале амандман за тоа да се зголеми на 50%. Затоа што имате парцела, вие сте од оние поразумните пратеници, знам дека ќе влезете во размислување.

Имате парцела од 100% и двајца корисници имаат по 30%. Со кого државата и на кој начин ќе ги заврши 100% - те? Со кого? Кој е тој критериум, кој е тој начин? Тука пишува, си напишал Миле Јанакиески со непосредна спогодба, прво ќе си го викне единиот кој има 30%, ќе заврши работа, ќе го викне другиот што има 30%, кој плаќа повеќе, тој ќе си го добие земјиштето. Ќе си го доврши.

А, што е опасноста за отштета на државата, дека паѓа цената на државното земјиште. Дека државното земјиште, дефинирано, за жал, со многу པониска цена од пазарната и тие 70% од парцелата ќе бидат продадени по многу пониска цена отколку што е пазарната, бидејки пазарната е 6 пати поголема.

Затоа, кога имате една парцела од 100% и 30% припаѓа на еден, тој и останатите 70% ќе ги земе по 6-7 евра, а нема да ги земе по пазарни услови.

Или, може да се случи (дофрлање од место) и за Скопски Пазар, напиши му ја репликата Влатко, ќе ви одговорам, нема проблем. Само, оставете човек да зборува.

(Претседавачот предупредува на ред со ѕвончето).

Така е, така е.

(Дофрлање од место).

Излези ти, нема проблем.

**Трајко Вељаноски:** Продолжете колега.

**Јани Макрадули:** Па не можам. Ми велат да излезам, сега да завршиме надвор па да се вратиме, може претседателе?

**Трајко Вељаноски:** Не може. Продолжете.

**Јани Макрадули:** Добро, да прашам.

Може да се случи на парцела од 100%, како што ви е случајот на Плоштадот Скопје вие да имате 30% од ништо. А, хотелот, објектот да ви е на преостанатите 70%. Значи, вие немате ништо што ви е дел од она, според деталниот Урбанистички план штоприпаѓа на објектот на таа парцела. Немате ништо. И вие, државата ќе ви го даде тоа по 6 евра, затоа што пишува 30%.

Амандманот што го предлагаат колегите служи исклучиво да се заштити една апсолутно лоша законска одредба за давање преголема дискрециона моќ на министерот за транспорт и врски Миле Јанакиески, што и до сега е применето, за жал, на Плоштадот во Скопје. А сите алинеи овде, во членот 14 се однесуваат на Плоштадот во Скопје. И верскиот објект и времените објекти и второто наддавање. Сите 4 алинеи се извлечени од досегашната пракса. Овој Закон е така напишан. Овој Закон е напишан така за да ги легализира сите активности што до сега се направени. Да се заштити дежавата. За да се заштити државата и да нема обезвреднување на имотот на државата е добро да бидат повеќе од 50%, односно 50% плус 1, за да може тој природно да си ја дозаврши парцелата. А вака, на два пати по 30% ќе направиме општа тепачка и непосредна спогодба на министерот со одредени луѓе. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави заменик министерот за транспорт Скендер Палоши.

**Скендер Палоши:** Благодарам господине претседателе,

Јас должам едно објаснување. Според сеуште постојниот Закон е таа практика, 50% плус 1. Меѓутоа, ние предлагаме тој процент да се намали на 30% од практични причини, од проблемите што се појавуваат при продажба на државно земјиште, односно професионално кажано при дооформување на градежна парцела.

Во еден случај, како што истакна пратеникот Макрадули, до колку се појават двајца сопственици по 30% сопственост на градежната парцела, кој од нив ќе ја земе, тоа е многу просто прашање. Тие треба сами, меѓу себе да склучат договор и двајцата да го купат преостанатиот дел на земјиштето. Не може никому да се даде предност. Меѓутоа, тоа се ретки ситуации каде двајца приватни сопственици ќе имаат тотално иста квадратура на една иста парцела.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Се извинувам повторно, не го објаснивте тоа што ве прашав.

Двајца луѓе, не мора да се во родбинска врска, бидејки ако се во роднинска ќе бидат скарани, две парцели што имаат, како ќе стигнат до останатото земјиште за да можат да ја оформат гадежната парцела. Која е таа процедура? Ќе има тендер? Но вие велите ќе има непосредна

спогодба. Затоа велам, со непсоредна спогодба ќе избира министерот.

Во Македонија се бориме да се тргнат дискреционите права на министрите. Тоа е и политика на ВМРО-ДПМНЕ . Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Пред да му дадам збор на заменикот министер, да завршиме со репликите и контра репликите.

Имаше реплика господин Петров Горан, повелете.

**Горан Петров:** Би сакал да се дообјасни, бидејќи беа кажани зборови од типот на корупција, нетранспарентност и т.н.

Вака колега Макрадули, двајца имаат по 30% и сега треба да се дооформи градежната парцела. Државата може да даде само државно земјиште. Значи, тој кој има 30% а нема од министерот Јанакиески да добие, ќе добие другиот, ќе добие уште 40%. Тоа се вкупно 70%. Но, за да може да добие дозвола, ќе мора да ги откупи и останатите 30%.

Тоа значи дека дооформувањето се врши исклучиво на државно земјиште. До колку им аповеќе приватнисопственици тие ќе мора меѓусебно да го решат прашањето на сопственоста, а тука министерот и Владата немаат апсолутно никаква можност да направат било што. Дури, до колку имаме и само 1% од парцелата, сепак ќе треба од мене да се откупи тој 1%.

Така што дооформувањето, каков термин е исклучиво за државно градежно земјиште. Тој кој има приватно, ќе го има и понатаму. Не може никој да му го одземе. А, дали е некој сопственик на 30 или 70%, сепак ќе мора и со другиот сопственик да разговара и да го откупи.

Така што, примерот е несреќно одбран, се работи за случаи кога некој има 30% од државната парцела во приватна сопственост, а остатокот, 70% се во државна сопственост. До колку има некој друг, со приватна, тогаш веќе отпаѓа дооформувањето до 100%. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Вие, точно потврдивте зошто амандманот од колегите од ЛДП е добар. Дека 30% не стасува да се направи, треба да дооткупи другиот да стигне до 60%. Зборувам 30 + 30 + 40 државно градежно земјиште за да ја дооформи целата парцела од 100%. Тој треба да откупи од приватниот 30%. Но, кој ќе има предност...

(Дофрлање од место).

Е, па, тука пишува со непсоредна спогодба ќе се даде на оној кој има 30%. На кој од двајцата со 30 ќе му го даде тоа?

Вие ја погодивте работата. Затоа мора да има над 50%. Затоа има логика. А од друга страна, тие 40% градежно земјиште што останува на државата, за жал ќе се продаде по 6 евра, наместо да биде поголем процентот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски Скендер палоши.

**Скендер Палоши:** Благодарам претседателе, само кратко објаснување.

Должам одговор на господинот Макрадули. Во случај да има двајца сопственици кои имаат по 30%, сега е прашање кој ќе ги земе тие 40%. Тие сами ќе склучад договор на Нотар и врз основа на тој договор се дава можност на еден од тие двајца, како ќе се договорат кај нотарот, тој да ја дооформи парцелата. Без меѓусебен договор кај нотарот не може ниту едниот од нив да ја дооформи парцелата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Значи, членот 14 да го прочитам, за оние кои можеби не го читале.

Со непосредна спогодба градежното земјиште, сопственост на Република Македонија се оттуѓува во следните случаи: од 30% од градежната парцела и ако со планот на таа градежна парцела не се предвидува изградба на градби. Значи, 30% има лицето А и 30% има лицето Б. Се тепаат за 40%, да ја заокружат 100% парцелата на Плоштадот Македонија. Двајцата одат кај нотар, според вас, двајцата склучуваат договор, но некој мора да го добие тоа. Кој ќе го добие? Тоа е дискреционо право, одлучува министерот.

(Реакции во салата со дофрлања, а претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Значи, со непосредна спогодба министерот ја дава на еден од нив. Кој е тој? Миле Јанакиески ќе го избере Орце Камчев, нормално, нема да ја даде на друг. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор се јави Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Значи, само една реченица господине претседателе.

Дооформување се прави само во случај кога се дооформува на 100%. А, за да се дооформи до 100%, треба да има согласност од сите. Јас знам дек аова го знае господинот Макрадули, меѓутоа му е поинтересно да дискутира на овој начин на кој што дискутира. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од нив за гласале 11, воздржани нема, против гласале 55 пратеници.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на

Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По амандманот вкупно гласале 66 пратеници. Од нив за гласале 11 пратеници, од гласањето никој не се воздржал, а против гласале 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 14 став 2 за менување на алинеја 4 поднесена од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасиевски.

Отворам пререс по амандманот на членот 14 став 2 за бришење на алинеја 6 поднесена од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик минситер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

По одбивањето на претходниот амандман не очекував дека и овој амандман ќе биде прифатен. Долго се дебатираше за можностите за злоупотреба и корупција претходно. Би сакала да истакнам дека и овој амандман се однесува на членот 14 и тоа во делот со непосредна спогодба, градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, кога се оттуѓува, во кои случаи.

Што ние бараме да се избрише? Во алинејата 6 пишува - на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти изградени со градежно-техничка документација и евидентирани во Јавната книга на недвижности, кои не поседуваат акт за доделување на правото на користење на градежно земјиште. Значи, бараме ова да биде избришано. Со бришењето на алинејата 6 се укинува можноста за дооформување на парцелата на сопственик кој поседува помалку, во овој случај од 50% и, како што реков, ако веќе претходниот амандман не го усвоивте, не гледам зошто не сакате да го прифатите овој амандман. По сите основи даваме можност за зголемување на злоупотреби и корупцијата.

Очигледно дека не сакаме да донесеме европски закон за градежно земјиште, туркајки некои одредби што навистина не одат во прилог на можностите за спречување на корупцијата.

Зошто ни е потребно сега, ког аимаме можност да ги поправиме нештата, имавме ваков закон во собраниска процедура, сега повторно ни го враќате истиот закон без никакви измени.

Што се однесува до Законот за градење, барем направивме некои разговори со министерот за транспорт и врски господинот Миле Јанакиески ид о некаде некои ставови усогласивме. Гледам дека тие се вметнати во Законот за градење, но за тоа ќе говорам после тоа.

Овој Закон ни го враќате буквално ист, дури исо истите технички грешки што ги содржеше и Законот што ни беше доставен пред една година. Можеше барем техничките грешки да ги поправите и да ги земете во предвид, ако не сакате да ги прифатите од опозицијата, тогаш одредени амандмани да вградите и да ни го доставите решението како такво. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

И овој амандман се однесува на една алинеја од членот 14 што исто треба да реши некои проблеми или незаконски работи што се правени досега.

Имено, оваа алинеја веројатно ја наметнале спонзорите на ВМРО-ДПМНЕ кои имаат времени објекти изградено, без градежна дозвола, а некој им ја упишал во Јавната книга. Дали во Кисела Вода или Аеродром во овој случај не знам, но веројатно ќе има многу, штом си нашле со помош на лобирање, своја алинеја во овој Закон.

За што се работи? Не е можно, мислам дека заменикот министер е архитекта, не е можно објектот да има градежна дозвола без да поседува акт за доделување на правото на користење на градежното земјиште. Значи, овој случај треба да реши дивоградба што е изградена на некое туѓо градежно земјиште и некако, без одобрение, упишана во Јавната книга, односно во Катастарот. Сега, било кој човек кој има дивоградба ќе дојде, согласно оваа алинеја и ќе рече - дајте ми го земјиштето мене сега. Ама тука не кажува колку земјиште.

Што значи дека човек теоретски може да има шума. Или кучичка за куче, да дојде кај министерот Миле Јанакиески и да му рече, согласно член 14 алинеја 6, со непосредна спогодба, бидејки јас имам направено дивоградба, шупа, ќе ми дадете 4 иљади квадрати мене. Овој ќе му даде, бидејки тоа го пишува во Законот. И тој, 4-те иљади квадрати ќе ги продаде по Х - евра и нормално ќе врати дел во партијата.

Ова е апсолутно една од покоруптивните алинеи во овој закон. За човек кој нема дозвола за градење, изградил минијатурен објект од 4 квадрати, со оваа алинеја ќе дојде кај министерот Миле јанакиески и ќе дојде дајте ми 4 иљади квадрати, бидејки е толку парцелата на државно земјиште. Овој ќе му ја даде со непосредна спогодба, зошто тоа се кажува во законот.

Затоа овој закон е направен така да реши многу работи, затоа е тргнато европското знаменце од

него, за да може да содржи и вакви коруптивни алинеи во себе. Мора да постои критериум на кој начин, колку земјиште, како, како тој влегол во Јавната книга. Затоа, навистина ќе се отвори Пандорината кутија што ќе искористат многу луѓе, од кои однапред се знае кои ќе бидат и кои веќе веројатно имаат со Миле Јанакиески направено идоговор. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор се јави господин Китаноски Илија, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарма господине претседателе,

Бидејки за прв пат се јавувам за збор, сакам прво на сите колеги од овој собраниски состав да им го честитам изборот и да им посакам успешна и плодна работа.

За разлика од двајцата колеги и од поднесувачаот на амандманот, сметам дека оваа одредба всушност не се однесува и најмалку има можност за коруптивни влијанија, затоа што мислам дека се однесува на објакти изградени во изминатиот период и објекти што се изградени, како што точно пишува во алинејата, со градежно-техничка документација и евидентирани во Јавната книга на недвижности.

Обидете се денеска или било кога да извадите имотен лист, ќе видите какви се документи ви се потребни за да добиете имотен лист. Има многу примери, да не кажувам сега во проценти, но низ цела Република Македонија, најмалку на атрактивни земјишта, најмалку деловни објекти. Можеби повеќе се работи за станбени објекти на луѓе кои не поседуваат  акт за доделување на правотона користење на градежно земјиште, а можеби се и претходни сопственици на тоа земјиште. Меѓутоа, не поседуваат акт за доделување на правото на користење на градежно земјиште, бидејки во изминатиот систем градежното земјиште се национализир аи потоа се доделуваше на користење соисклучиво право, единствено од правото на сопственост, правото на користење на градежното земјиште на неопределен период. Таков беше третманот.

Во меѓувреме се донесоа сите потребни закони за приватизација на градежното земјиште и има доста објекти.

Се работи повеќе за постари објекти и најмалку деловни, можеби има и такви, туку повеќе станбени објекти чии што сопственици не поседуваат акт за доделување на право на користење на градежно земјиште, а се или сопственици на таа нива претходно во наследство, или ја купиле од некого, меѓутоа актот за доделување на користење на градежното земјиште го нема. Оваа алинеа се однесува на тие случаи. Ако некој сака да ја толкува поинаку, можеби може, меѓутоа сметам дека во првите две реченици прецизно е кажано дека е сосема доволно изградени со градежна техничка документација и евидентирани во јавната книга на недвижнини. Значи, за да добие таков лист, навистина треба да ги приложите сите неопходни документи, вклучително и дозволите за градба. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Јас уште еднаш ќе повторам, согласно реалните и постоечките законски прописи не е можно објектот да има градежна дозвола без да поседува акт за доделување, а книгата што ја спомнувате градежно техничката документација тоа е еден проект кој што секој може да го добие, но за градење треба нешто друго. Затоа, ако погледнете колку евалуирал овој амандман од страна на Владата, првиот предлог на Владата бил за изграден објкет со 1 февруари 1996 година без одобрение за градење, а вклопен во урбанистички план. За нас тоа е прифатливо, ама тоа го повлековте. После уште еднаш Владата даде амандман каде што вели на сопствениците на објекти кои се стекнале со право на користење на земјиштето и тоа за нас е прифатливо. Но и тој амандман исто од Владата со овие два на иста алинеа се повлечени и е дојдено до најнечитливото, најконфузното решение за да биде нејасно колку и како ќе му се враќа. Вратете го решението од 1 февруари од 1996 година без одобрение за градење, а вклопен во урбанистичкиот план ќе ги решите дивоградбите. Но, во овој случај давате можност за корупција да му се даде земјиште колку сака во непосредна спогодба. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за амандманот гласаа 14, нема воздржани, 53 против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот на Владата вкупно гласаа 67 пратеници, од нив 14 гласаа за, воздржани нема, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 став 2 за бришење на алинеа 6, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасиевски.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 5, поднесен од пратеникот Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Би сакал да образложам дека ваков предлог кој јас го давам во мојот амандман веќе има во постоечкиот закон на Република Словенија и како модел е прифатлив со оглед на фактот дека само за две категории од објектите градежни дозволи издава државата. За остатокот од три категории кои се најголем дел од објектите кои се градат во Република Македонија, градежните дозволи ги издаваат општините. Би сакал по некоја аналогија барем да има партнерски однос помеѓу општините и Владата и затоа мислам дека е разумно да се прифати решение во кое приходот од продажбата на земјиштето ќе се дели во еднаков однос помеѓу државата и единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, ако веќе менаџирањето на градежното земјиште остана во рацете на Владата, мислам дека добар гест е рамноправно да се делат приходите од градежното земјиште. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Николо Марјанчно, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

И во претходниот парламентарен состав кога се зборуваше околу буџетот, околу другите предлози на закони во кои што Владата генерираше дополнителни приходи, постојано нашата пратеничка група се залагаше поголем дел од тие средства да се издвојат за зајакнување на финансиските капацитети на локалната самоуправа. За жал, и тогаш и сега не наоѓавме разбирање од страна на владеачкото мнозинство и тие упорно ги одбиваат овие предлози па дури и предлогот зафаќањата од ДДВ да се зголемат од постојнито процент, не беа прифатени овде во Собранието. Претпоставувам дека сите сме запознати со состојбите во локалните самоуправи. Дел од општините сеуште ги немаат исполнето условите за да преминат од втората фаза на ДЕ-централизацијата. Причините се различни, дел немаат исполнето кадровски капацитети, дел од нив се заглавени од наследени долгови од претходниот период и не можат да ги остварат правата од втората фаза односно да имаат право да се задолжуваат. Оние кои што веќе влегоа во првата фаза, незнам колкава е последната бројка, а сега имаат проблеми со тековното извршување на активностите. Дали со обезбедувањето на доволно средства за греење на училиштата во кои што ќе учат учениците за обезбедување на превоз на учениците, за реновирање на училиштата онаму каде што мора не се предвидени со капиталните инвестиции од страна на Владата, како и редица други проблеми што постојат во општините кои што со постојниот буџет не можат да го надокнадат, тие тоа го прават на штета на граѓаните, бидејќи сигурно поголем дел од парите предвидени за инвестиции за инфраструктурни објекти ќе ги насочат за тековни трошоци. Затоа, со овој предлог амандман се предлага парите кои што Владата ќе ги земе од продажбата на градежното земјиште да се делат со соодност 50:50. Владата предлага 60:40, а јас мислам дека и 50:50 за помалку требаше да биде обратно во корист на општините, но не е големо зголемување и не се големи пари кои што се значајни за Владата, а се битни за единиците на локалната самоуправа.

Уште еднаш колеги пратеници, ве молам прифатете го барем овој амандман без разлика што претставникот на Владата се изјасни против. Веќе направивте една отстапка вчера кога го прифативте амандманот на ДУИ за воведување на нов факултет, овој е уште позначаен амандман кој што многу ќе им помогне на општините. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за амандманот гласаа 14, воздржан 1, против 52.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот на Владата вкупно гласаа 67 пратеници, од нив 14 гласаа за, воздржан 1, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 став 5, поднесен од пратеникот Андреј Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 15, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за менување на став 2, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Збро има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Не гледам што беше спорно овде што не се прифати овој амандман, затоа што нуди многу подобро решение во членот 16, отколку она што го предлага Владата. Мислам дека ќе беше посоодветно, затоа што она што ние го нудиме како решение е многу подецидно кажано и многу појасно за разлика од ова што стои во членот 16. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, од нив за амандманот гласаа 14, воздржани 2, против 50.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот вкупно гласаа 66 пратеници, од нив 14 гласаа за, воздржани 2, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 за менување на став 2, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасиевски.

Отворам претрес по амандманот на член 32 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Мислам дека е неразумно да се лишат општините од можноста земјиште кое им е дадено во долготраен закуп, да го дадат во подзакуп. Со тоа нема ништо лошо, напротив им се овозможува на општините кои и онака немаат земјиште за управување, барем со она земјиште што го имаат на долготраен закуп да можат да го користат во функција на локалниот економски развој. Ако ги лишиме општините од можноста земјиштето кое им е дадено на долгорочен закуп да можат со него да располагаат вистински и да вложуваат во развојот на општината, мислам дека со тоа практично ги оставаме општините без било каков капитал и повторно на некој начин ќе бидат врзани секогаш за централната власт. Ваквиот став на овој член воопшто не е во прилог на децентрализацијата и мислам дека треба да се корегира. Апелирам до пратениците да го прифатат овој амандман и мислам дека има време до гласањето по однос на текстот на законот и Владата да се премисли. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, од нив за амандманот гласаа 11, воздржан 1, против 54.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот на Владата вкупно гласаа 66 пратеници, од нив 11 гласаа за, воздржан 1, против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 32 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Андреј Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 44 став 3, поднесен од пратеникот Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Јас би сакал и покрај ставот на претставникот на Министерството да кажам што е суштината на овој амандман кој го предлагам. Програмите за поставување на времени објкети ги носи Советот на општината. Ние имаме една парадоксална ситуација при носењето на деталните урбанистички планови каде што ситуацијата е уникатна во Европа мислам дека таков пример не постои, исто така ниту во САД има една таква ситуација во која Министерството дава согласност на секој детален план. Министерството дава согласност на мастер плановите, на генералните планови и понатаму постапките траба да ги врши оној кој има надлежност за таа работа. Ако не постапува во согласност со законот, имам механизми како да се санкционира. Сега, повторно во таа насока се прави уште еден преседан, на програмите за уредување на градежното земјиште кои ги носи Советот, повторно ќе дава согласност Министерството. Само се блокира работата и

само на овој начин работите ги усложнуваме. Никој не може да каже дека програма за поставување на времени објекти кога ќе ја донесе еден Совет на општината дека нема соодветна тежина па треба некој тоа да го контролира дали е направено како што треба или не. Ако се земе предвид фактот дека во Советите претставени се сите политички партии и дека обично таквите програми наидуваат на дебата во која голем дел од одлуките се носат и со консензус. Затоа, мислам дека поставувањето на времени објекти прво преку програма е исклучива надлежност на општините и дека тука Министерството баш нема ништо што да бара со давањето согласност на такви програми. Ако се опстои на тој став само се лимитира можноста општините да си ги остваруваат своите законски надлежности.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за амандманот гласаа 14, воздржан 1, против 53.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот на Владата вкупно гласаа 68 пратеници, од нив 14 гласаа за, воздржан 1, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 44 став 3, поднесен од пратеникот Андреј Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 48 за менување на став 1, поднесен од Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски и Јован Манасиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на зконот.

Во меѓуверме пратеникот Томе Чинговски поднесе амандман на член 6 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6, поднесен од пратеникот Томе Чиговски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Збро има господин Чинговски Томе, повелете.

**Томе Чиговски:** Очекувам дека заменик министерот не ќе најде разбирање за овој амандман. Не гледам зошто странски физички и правни лица би станале сопственици на наше земјиште кога веќе со закупнината го остваруваат своето градежно право. Од тие причини мислам дека странците не треба да се стекнуваат со право на сопственост во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Членот 6 е еден од клучните членови во овој закон. Имено, вели, ќе го прочитам за јавноста: “Градежно земјиште може да биде во сопственост во Република Македонија и во сопственост на домашни и странски, физички и правни лица под услови утврдени со овој закон”. Имено, со овој предлог за измени на законот за градежно земјиште ние даваме можност на странски, физички и правни лица да поседуваат градежно земјиште во Република Македонија, предлог кој што сам по себе е навистина интересен и за дискусија и за размислување и може да се гледа двострано. Од една страна може да се гледа негативно заради потребата да се заштити градежното земјиште односно градежно земјиште да можат да поседуваат само Република Македонија и домашни и правни физички лица, а доколку сакаат да го поседуваат странците, можат да го добиваат само на закуп како што е досега.

Втората варијанта е директно да можат да го имаат во сопственост. Позитивното гледање е на пример фактот дека во овој момент во повеќето од земјите на Европската унија постои оваа одредба така што граѓани на Република Македонија може да поседуваат и стан и земјиште на пример во Парис, во Љубљана, во Рим итн, граѓанин на Франција, на Италија или на Словенија, не може да поседува земјиште во Македонија. Колку што може да е опасно три пати повеќе може да биде корисна оваа одредба од едноставна причина што ќе допринесат за неколку работи.

Прво ќе придонесе за зголемување на атрактивноста на градежното земјиште односно за зголемување на неговата цена од едноставна причина што побарувачката ќе биде поголема.

Второ ќе придонесе за подобро уредување особено на ГУП-овите и ДУП-овите на тоа што за да нешто продадете на странци тоа треба навистина да е атрактивно и да има што сакаат да купат и да инвестираат на земјиштето што би го купиле. Така што моите лични размислувања одат во насока дека ова е позитивно решение , иако ние сеуште не сме дел од Европската унија

иако можевме, можеби да го одложиме за денот кога ќе станевме член на Европската унија. Со Предлог законот за градежно земјиште даваме таква можност  со што процесот на продажба и користење на градежното земјиште го првиме уште потранспарентен, а цената уште повеќе ја зголемиваме исметам дека е добро што го правиме тоа во оваа фаза на нашата, уловно кажано, европо интеграција, не подоцна заради тоа што многу манипулации што се правеа со градежното земјиште, на еден начин успеваме да ги остраниме иако ова не е магичното стапче за решавање на сите пробелми. И уште еден конкретен пример. Имено мислам дека со воа решение драстично ќе пораснат цените на градежното земјиште, на пример во Охрид, следејќи примерите на Будва и на Дубровник и ќе создадат да се развива и полелитен и подобар туризам заради тоа што тие странци што ќе вложат имаат интерес да направат силен бизнис и тоа нема да се објекти што Ќе се приградени, или објекти кои ќе  се со помал квалитете туку напротив објекти кои ќе придонесат за побрз економски развој. Тоа е она што сакам да кажам и да го подржам рашението и генерално целиот закон за кој сметам дека е тоа една од основните одредби. Тоа ќе овозможи многу побрз еконоски развој заради тоа што  една од работите што ја бараат инвститорите кои купуваат фабрики во Македонија е да го поседуваат земјиштето, во моментот кога го добиваат под закуп. Истото е и со оние со Гринфилд инвестиции. На пример оние кои инвестираат не само во Бунарџик , туку секаде добиваат земјиште под закуп на 99 години. А не го добиваат во трајна сопственост.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави пратеникот Томе Чингоски, повелете.

**Томе Чингоски:** Колегата Николовски повеќе ви кажа негативните отколку позитините страни. Една од позитивните  страни е само покачУвање на цената на градежното земјиште. Тоа не е образложение странски физички и правни лица да останат во членот 6. дефинитивно негативните страни се многу поголеми и многу помал ефект има отколу оние позитивни страни што ги кажа, само со подигнивање на цените на градежното земјиште. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Мислам дека, како дообјаснување, господинот Николовски ги посочи сите примери за кои што ние претходно дававме тие амандмани, а  тоа е за да подобро се развива Охрид и многу подобро ако 50% од продажбата на градежното земјиште остане во Охрид отколку сега како што вика Владата  40%.

Второ, управувањето со градежното земјиште ќе биде многу поефикасно ако тоа го прави локалната самоуправа отколку ако го прави централната власт за сите општини во исто време. Централната власт, со една тактика што ја има ВМРО-ДПМНЕ објавува јавно надавање за хотел, и во Охрид имаше, со енормно висока цена и така ќе ги помине првите две јавни објави, но после кога ќе дојде непосредната ќе ја направи за многу помала цена. И затоа веројатно има логика да има и скалесто намалување на почетната цена како ќе се одвива бројот на објави и како ќе се зголеми бројот  на објави. Тоа е едната работа.

Втората работа, светската пракса вели дека градежното земјиште може да биде во сопственост на странски лица само ако имате реципроцитет како држава и таа е политика која постои.  Значи ако некоја држава нас ни дава тогаш ние тоа да го дадеме. Како вие што наведовте примери јас ќе ви кажам и држави каде што не можеме ние да купуваме и да  имаме сопственост на градежно земјиште. И тој реципроцитет  е нешто што постои како европска пракса.

Трето, членот 6 вели-градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија и во сопственост на домашни, странски, правни и физички лица, на американци, африканци, азијци, само не на локалната самоуправа. Тоа останува како факт во овој закон. Тоа го вика член 6 дека на секој може 4 или колку милијарди се, за да не утнам, многу повеќе се, секој човек на плантата може да има со градежно земјиште сопствевност во Република Македонија само не локалната самоуправа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господин Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Најголем дел од она што го кажа колегата Макрадули, не се однесува на членот 6 се однесува на другите членови и затоа нема да го коментирам затоа што тоа  не е предмет на овој член.

По однос на светската пракса и по однос на клучното прашање дали треба или не треба странци да поседуваат земјиште во Република Македонија, да кажам, поседувањето на земја на странци во Република Македонија апсолутно ќе допринесе не само за побрз економски развој заради тоа што оној што сака да инвестира во фабрика, сака да го има и земјиштето, туку уште повеќе градежното земјиште ќе го направи поскапо затоа што во моментот е се уште премногу ефтино за секакви стандарди. И уште повеќе, ќе ве потсетам на едно логика која што важеше во 90-тите години, искажани од Никола Поповски порано, а тоа е дека странци не смеат да поседуваат фирми во Република Македонија, тоа беше економската стратегија во 90-тите години, се покажа за неправилна и мислам дека во првото десетолетие на 21 век не треба да е стратегија дека странци не треба да поседуваат земја во Република Македонија, обратно за да дадеме побрз економски развој. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Не се сложувам со колегата Александар Николовски со неговата логика, ако странците имаат право да купуваат, да имаат сопственост на земјиштето во Република Македонија дека ќе се зголеми цената и тоа е главната придобивка што ќе ја имала Република Македонија, што значи уште повеќе пари за Буџетот на Владата. Каде се тука домашните инвеститори, каде се тука на крајот на краиштата граѓаните. Поскапувањето на градежното земјиште ќе придонесе за поскапи станови кога утре ќе се градат на тоа градежно земјиште или објекти, цехот ќе го платиме ние како Македонци со нашиот стандард. И тука траба Владата за тоа да води грижа да ги заштити домашните граѓани, а потоа на странците да им дава. Колегата Макрадули кажа дека има реципроцитет и јасни правила. Така како што кажа господинот Николовски навистина не гледам што е толку придобивката за да добиеме еве нека биде и 5 и 10 милиони повеќе евра во Република Македонија. Не држи тоа објаснување и затоа не е добро на странците во овој момент да им се даде право да поседуват земјиште во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Николовски Александар.

**Александар Николовски:** 30 секунди само во интерес на времето.

Ова значи колега дека и вие не можете вашето земјиште да го продадете на странци и тоа ќе значи дека ќе можете имате поголем пазар и да си постигнете повисока цена. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за гласаа 14, нема воздржани, против 53 пратеници.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот на Владата вкупно гласаа 67 пратеници, од нив 14 гласаа за, воздржани нема, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6, поднесен од пратеникот Томе Чиговски.

Со оглед на тоа дека е истечено времето ја прекинувам работата на денешната седница. Продолжуваме утре во 11,00 часот со истата седница. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)